# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.**

Сабота, 22 јули 2000
Скопје
Број 59 Год. LVI

**Претплатата за 2000 година изнесува 7.800 денари, Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498**


**2477.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Се прогласува Законот за државните службеници, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 јули 2000 година.

Бр. 07-3288/1
20 јули'2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

#### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници, како и системот на плати и надоместоци на плати за државните службеници.

Член 2

Државните службеници ги вршат работите поврзани со функциите на државата во согласност со Уставот и со закон, професионално, политички неутрално и непристрасно.

Член 3

(1) Државен службеник, е лице кое врши стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни работи и решава управни работи во согласност со Уставот и со закон.

(2) Државен службеник во смисла на став (1) од овој член е лице вработено во органите на државната управа и стручните служби на: Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, судовите, Републичкиот судски совет, Народниот правобранител, Јавното обвинителство, Народната банка на Република Македонија и Државниот завод за ревизија.

(3) Одредбите на овој закон соодветно ќе се применуваат на лицата вработени во органите на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје, кои вршат работи согласно со став (1) од овој член како и кои вршат доверени работи согласно со закон и на лицата вработени во јавните служби, установи и институции кои вршат функции на државата доверени како јавни овластувања.

(4) Лицето вработено во органот од став (2) на овој член, кое врши административно-технички или помошни работи нема статус на државен службеник и за него важат општите прописи за работните односи.

(5) Одредбите на овој закон не се однесуваат на униформираните лица во Министерството за внатрешни работи, на воените и граѓанските лица на служба во Армијата на Република Македонија, казнено - поправните и воспитно - поправните установи, како и на лицата со посебни должности и овластувања вработени во Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за разузнавање, освен ако со друг закон поинаку не е утврдено.

Член 4

За прашањата што не се уредени со овој закон и за прашањата за кои овој закон не упатува на примена на друг закон, а се однесуваат на државните службеници, се применуваат општите прописи за работните односи.

Член 5

Системот на плати и надоместоци на плати уреден со овој закон се засновува на начелата на законитост, еднаквост, транспарентност, предвидливост и правичност.

Член 6

(1) Државните службеници во зависност од службените задачи што ги извршуваат се класифицираат во следниве групи и звања:
-1 раководни државни службеници;
- II стручни државни службеници и
-III стручно-административни државни службеници.

(2) Раководни државни службеници се:
- генерален секретар, односно државен секретар;
- државен советник;
- раководител на сектор;
- помошник раководител на сектор и
- раководител на одделение.

(3) Стручни државни службеници се:
- советник;
- виш соработник;
- соработник и
- помлад соработник.

(4)Стручно-административни државни службеници се:
- самостоен референт;
- виш референт;
- референт и
- помлад референт.

(5) Генерален секретар се именува во Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Републичкиот судски совет, Народниот правобранител на Република Македонија, Народната банка на Република Македонија, Државниот завод за ревизија и Јавното обвинителство, а државен секретар се именува во министерствата.

(6) Државните службеници од I и II група имаат високо образование, а државните службеници од III група имаат више или средно образование.

(7) Владата на Република Македонија со уредба го утврдува описот на звањата и соодветноста на работните места со групите и звањата утврдени во овој член.

Член 7

(1) За вршење на стручни, управни и други работи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници се основа Агенција за државни службеници (во натамошниот текст: Агенција).

(2) Агенцијата ги врши следниве работи:

- подготвува прописи што ги донесува Владата на Република Македонија, што се однесуваат на државните службеници;
- дава мислење за актите за организација и систематизација на органите од член 3 став (2) на овој закон;
- води централен регистар за државните службеници;
- ги предлага описите на работните места за звањата утврдени во член 6 на овој закон;
- развива политика поврзана со вработувањето, селекцијата и престанокот на вработувањето, платите и надоместоците на плати, оценувањето, класификацијата и описот на работните места и дисциплинската одговорност;
- ги координира активностите што се однесуваат на стручното усовршување и обуката на државните службеници;
- води грижа за единствена примена на законите и прописите што се однесуваат на државните службеници и
- го промовира ефикасното и ефективното работење на државните службеници и врши други работи утврдени со закон.

(3) Агенцијата дава препораки и им помага на органите од член 3 на овој закон во спроведувањето на колективното договарање за вработените во овие органи кои, согласно со овој закон, не се државни службеници.

Член 8

(1) Агенцијата е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице.

(2) Со Агенцијата раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(3) На директорот на Агенцијата Владата на Република Македонија именува и разрешува заменик.

(4) За својата работа и за работата на Агенцијата директорот и заменикот на директорот се одговорни пред Владата на Република Македонија.

## И. ВРАБОТУВАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 9

(1) Како државен службеник може да се вработи лице кое ги исполнува следниве општи услови:

- 1) да е државјанин на Република Македонија;

2)да е полнолетен;

3) да има соодветен степен на образование согласно со член 6 став (6) на овој закон;

4) да го има потребното работно искуство освен за звањата помлад соработник и помлад референт;

5) да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење професија, дејност или должност и

6) да има општа здравствена способност.

(2) Со актот за организација и систематизација на работните места можат да се утврдат и посебни услови за вработување на државниот службеник.

Член 10

(1) Генералните секретари во органите од член 6 став (5) на овој закон ги именуваат овие органи самостојно од редот на раководните државни службеници во тие органи.

(2) Мандатот на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и Владата на Република Македонија, трае колку и мандатот на овие органи.

(3) Мандатот на генералниот секретар на Врховниот суд на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, Јавното обвинителство и Републичкиот судски совет трае колку и мандатот на претседателот на судот, јавниот обвинител, односно на Советот.

(4) Државниот секретар во министерството го именува Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата), на предлог на министерот.

(5) Државните секретари се именуваат од редот на раководните државни службеници од министерствата и од другите органи на државната управа и нивниот мандат трае колку и мандатот на Владата.

Член 11

(1) Државните службеници, освен генералните и државните секретари, се вработуваат преку јавен оглас, објавен во најмалку два дневни весници.

(2) Министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став 2 на овој закон формира Комисија за спроведување на постапката за вработување на државен службеник, составен од тројца члена (во натамошниот текст: Комисија).

(3) Комисијата од став (2) на овој член ја сочинуваат генералниот, односно државниот секретар и по еден раководен и стручен државен службеник од министерството, односно органот од член 3 на овој закон.

Член 12

(1) Кандидатите кои се пријавиле на јавниот оглас од член 11 став (1) на овој закон, освен за работните места со звање помлад соработник и помлад референт, кои ги исполнуваат условите, полагаат стручен испит пред комисијата од член 11 став (2) на овој закон.

(2) Комисијата од член 11 став (2) на овој закон подготвува листа од најуспешни кандидати кои го положиле стручниот испит.

(3) За вработување на раководните државни службеници изборот од предложената листа од комисијата од член 11 став (2) на овој закон го врши министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон.

(4) За вработување стручни и стручно-административни државни службеници изборот од предложената листа го врши комисијата од член 11 став 2 на овој закон.

(5) Против одлуката од ставовите (3) и (4) на овој член, кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата во рок од осум дена од денот кога е писмено известен за извршениот избор. Агенцијата по жалбата одлучува во рок до 15 дена од денот на приемот на жалбата.

(6) Жалбата го одлага извршувањето на одлуката од ставовите (3) и (4) на овој член.

Член 13

(1) Комисијата од член 11 став (2) на овој закон го врши изборот и за кандидатите на работно место во звање помлад соработник и помлад референт врз основа на листа од пријавените кандидати која ја подготвува комисијата.

(2) Одредбите од член 12 ставовите (5) и (6) на овој закон се однесуваат и за кандидатите на работно место во звање помлад соработник и помлад референт.

Член 14

(1) Избраниот кандидат од член 13 на овој закон, се вработува како државен службеник - приправник.

(2) Приправничкиот стаж за државните службеници - приправници со високо образование трае една година, а за државните службеници - приправници со више или средно образование трае шест месеци.

(3) Начинот на следењето и оценувањето на државниот службеник - приправник го утврдува Агенцијата.

(4) Државниот службеник - приправник по истекот на приправничкиот стаж полага приправнички испит пред комисијата од член И став (2) на овој закон.

(5) Државниот службеник - приправник се вработува како државен службеник на работното место за кое бил распишан огласот, ако го положи приправничкиот испит.

(6) На државниот службеник- приправник кој нема да го положи приправничкиот испит, работниот однос му престанува.

Член 15

(1) Стручниот и приправничкиот испит го организира Агенцијата.

(2) Програмата за полагање на стручниот и приправничкиот испит ја донесува Агенцијата.

Член 16

Државниот службеник, со негова согласност, може да се вработи без јавен оглас од еден во друг орган кај органите од член 3 став (2) на овој закон на работно место во исто звање ако за тоа се согласат министрите, односно функционерите кои раководат со тие органи и кога тоа го налага потребата на службата, а по претходно мислење на Агенцијата.

Член 17

(1) Лицето кое за прв пат се вработува како државен службеник пред министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 на овој закон дава и потпишува заклетва со следниов текст: "Се колнам дека во својата работа ќе ги почитувам Уставот и законите и дека совесно и уредно ќе ја вршам својата должност на државен службеник.".

(2) Потпишаната заклетва се чува во работното досие на државниот службеник.

(3) Ако државниот службеник одбие да ја даде и потпише заклетвата од став (1) на овој член ќе се смета дека решението за вработување не е донесено.

## III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 18

\ (1) Државниот службеник е должен работите да ги врши совесно, стручно, ефикасно, уредно и навремено во согласност со Уставот и со закон.

(2) Државниот службеник е должен да ја врши својата работа непристрасно и без влијанија од политичките партии, да не се раководи од свои политички уверувања, од лични финансиски интереси, да не ги злоупотребува овластувањата и статусот што го има како државен службеник и да го штити угледот на органот.

Член 19

(1) Државниот службеник е должен да ги извршува наредбите на министерот односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон, односно на непосредно претпоставениот државен службеник и да постапува по нив во согласност со Уставот, со закон или со друг пропис.

(2) Ако државниот службеник смета дека наредбата од став (1) на овој член не е во согласност со Уставот, со закон и со друг пропис должен е за тоа да му укаже на тој кој ја издал наредбата.

(3) По повторената наредба, во смисла на став (2) од овој член, дадена во писмена форма, државниот службеник ќе постапи освен ако оцени дека нејзиното извршување претставува кривично дело и веднаш за тоа ќе го извести непосредно повисокиот претпоставен државен службеник од оној кој ја издал наредбата.

(4) Ако државниот службеник не го предупреди непосредно претпоставениот државен службеник дека наредбата е неуставна, односно незаконита и ќе ја изврши, тој ќе одговара за нејзиното извршување, како и непосредно претпоставениот државен службеник.

Член 20

(1) Државниот службеник е должен да ја чува државната и службената тајна на начин и под услови утврдени со закон и со друг пропис.

(2) Обврската за чување на службената тајна трае до три години по престанувањето на службата.

Член 21

Државниот службеник е должен, во согласност со закон, по барање на граѓаните да дава информации заради остварување на нивните права и интереси, освен информациите од член 20 на овој закон.

Член 22

(1) Државниот службеник без негова согласност може да биде распореден во истиот или во друг орган од член 3 на овој закон, надвор од местото на неговото живеалиште во случај на вонредни околности (природни непогоди, епидемии, поплави и слично) се додека тие траат, но не подолго од три месеци.

(2) Во случаите од став (1) на овој член, државниот службеник има право на надоместоци утврдени со овој закон.

Член 23

Државниот службеник кој работи со странки е должен во текот на работното време на работното место да носи на видно место ознака за личното име и звањето.

Член 24

(1) Државниот службеник има право и должност стручно да се оспособува и усовршува во согласност со потребите на органот во кој е вработен.

(2) Стручното оспособување и усовршување се спроведува врз основа на годишна програма која ја донесува органот од член 3 став (2) на овој закон, по претходно добиено мислење од Агенцијата.

(3) За потребите од став (1) на овој член се обезбедуваат средства во Буџетот на Република Македонија.

(4) Владата го утврдува начинот на користењето на средствата од став (3) на овој член. "

Член 25

(1) Државниот службеник има право на заштита ако кон него непосредно се упатени закани, напади и слични постапки во врска со вршењето на службените задачи.

(2) Органот во кој работи државниот службеник е должен да му обезбеди заштита на државниот службеник во случаите од став (1) на овој член.

Член 26

Државните службеници заради остварување на своите економски и социјални права имаат право да основаат синдикати и да членуваат во нив под услови и на начин утврдени со закон.

Член 27

(1) Државните службеници се должни во остварувањето на правото на штрајк да обезбедат минимум непречено извршување на функциите на органот од член 3 став (2) на овој закон, неопходното ниво во остварувањето на правата и интересите на граѓаните и на правните лица и извршувањето на ратификуваните меѓународни договори.

(2) Министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон, со акт го определува неопходниот минимум на државни службеници кои ќе работат заради обезбедување на условите од став (1) на овој член.

Член 28

(1) Државниот службеник со пленувањето во политичка партија и со учество во нејзините активности не смее да го доведува во прашање својот статус на државен службеник, ниту вршењето на службените задачи кои произлегуваат од тој статус.

(2) Државниот службеник не смее директно да учествува во изборни кампањи или други јавни настапи од таков карактер во текот на работното време.

(3) Државниот службеник не смее да носи или да истакнува партиски симболи во работната просторија.

(4) На државниот службеник кој се кандидира за одредена политичка изборна функција или учествува во изборна кампања, за овој период, му мируваат правата и обврските од работниот однос.

Член 29

Државниот службеник има право на одмор и отсуства од работа согласно со прописите за работните односи.

Член 30

Државниот службеник во остварувањето на правата од работниот однос има право да бара заштита пред надлежниот суд, синдикатот или друг надлежен орган во согласност со закон.

Член 31

(1) Министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон со решение го распоредува државниот службеник на работно место што одговара на неговиот степен на образование и работна способност ако бил оценет со оцената "^задоволува".

(2) Против решението од став (1) на овој член државниот службеник може да изјави жалба до Агенцијата во рок од осум дена од денот на врачувањето на решението.

(3) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(4) На државниот службеник кој нема да го прифати распоредувањето од став (1) на овој член, му престанува работниот однос.

Член 32

(1) Кога генералниот, односно државниот секретар ќе биде разрешен, како и по истекот на неговиот мандат министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон го распоредува во истиот или во друг орган на работно место и во звање кое го имал пред именувањето за генерален, односно државен секретар во рок од 30 дена од денот на разрешувањето, односно истекот на мандатот.

(2) Ако генералниот, односно државниот секретар не го прифати распоредувањето од став (1) на овој член, му престанува работниот однос.

(3) До распоредувањето согласно со став (1) од овој член генералниот, односно државниот секретар ќе ја прима платата што ја примал до денот на неговото разрешување, односно истекот на мандатот.

## IV. СИСТЕМ НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 33

(1) Државниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со овој закон.

(2) Платите и надоместоците на плати на државните службеници се усогласуваат со средствата обезбедени во Буџетот на Република Македонија.

Член 34

(1) Платата на државниот службеник се состои од следниве компоненти:
- основна компонента и
- исклучителна компонента.

(2) Основната компонента ја сочинуваат:
- основна плата;
- додаток на плата за звање и
- додаток на плата за кариера.

(3) Исклучителната компонента ја сочинуваат:
- додаток на плата за посебни услови за работа и
- вонреден работен додаток на плата (прекувремена работа).

Член 35

(1) Со основната плата која се исплатува на државниот службеник се обезбедува вреднување на соодветниот степен на образование утврден со актот за систематизација за работните места, за работното место на кое тој е распореден и работното искуство.

(2) Степенот на образование утврден за соодветната група во согласност со член 6 став (6) од овој закон се вреднува, и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| I група | високо образование | 200 бода |
| II група | високо образование | 200 бода |
| III група | вишо образование | 150 бода |
| | средно образование | 100 бода |

(3) Работното искуство на државниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од делот на основната плата со која се вреднува степенот на образованието за соодветната група, за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

Член 36

(1) Со додатокот на плата за звање се обезбедува вреднување на секое звање во зависност од видот и обемот на работата, сложеноста и одговорноста за извршување на работата.

(2) Додатокот на плата за звање се вреднува, и тоа за:

| Група | Звање | Бодови |
|---|---|---|
| I | генерален секретар | 931 |
| I | државен секретар | 895 |
| I | државен советник | 716 |
| I | раководител на сектор | 597 |
| I | помошник раководител на сектор | 498 |
| I | раководител на одделение | 415 |
| П | советник | 346 |
| II | виш соработник | 288 |
| II | соработник | 240 |
| II | помлад соработник | 200 |
| III | самостоен референт | 173 |
| III | виш референт | 144 |
| III | референт ' | 120 |
| III | помлад референт | 100 |

(3) За државниот службеник со вишо образование кој согласно со актот за систематизација на работните места е распореден на работно место кое може да го врши и државен службеник со средно образование, неговото звање се вреднува за 5% повеќе од вреднувањето за звањето кое е предвидено за средно образование согласно со став (2) од овој член.

(4) За државен службеник со средно образование кој согласно со актот за систематизација на работните места е распореден на работно место кое може да го врши државен службеник со вишо образование, неговото звање се вреднува согласно со став (2) од овој член.

Член 37

(1) Со додатокот на плата за кариера се обезбедува вреднување на професионалноста на секој државен службеник со што се обезбедува стимулација за успешно и стручно извршување на работите, професионален развоЈ во звањето и постојаност во државната служба.

(2) Вреднувањето на додатокот на плата за кариера зависи од секој поединец кој треба да исполни одредени услови, како што се минимален стаж во државн-

ната служба и позитивна оцена за работењето во службата согласно со член 80 од овој закон.

(3) Државен службеник кој ќе биде оценет со оценката "се истакнува“ две години едно по друго може да биде унапреден во кариерата за една година порано од утврдените услови во член 40 на овој закон.

Член 38

(1) Секое звање од член 36 став (2) на овој закон освен генералниот односно државниот секретар, има четири степени на кариера на работното место на кое е распореден државниот службеник. Со степенот на кариерата се обезбедува право на исплата на додаток на плата за кариера во соодветен процентуален износ од додатокот за звање, и тоа за:

- степен А - 5 %,
- степен Б -10 %,
- степен В -15 % и
- степен Г - 20 % .

(2) Секој државен службеник по предлог на непосредно претпоставениот државен службеник може да се стекне со соодветниот степен на кариера на работното место на кое е распореден, а за што одлучува министерот, односно фунционерот кој раководи со органот од член 3 на овој закон.

Член 39

За соодветниот степен на кариера државниот службеник треба да има минимален работен стаж во државната служба, и тоа во:

- степен А, по три години работно искуство како државен службеник;
- степен Б, по три години работно искуство во степенот А;
- степен В, по три години работно искуство во степенот Б и
- степен Г, по три години работно искуство во степенот В.

Член 40

На државен службеник унапреден во звање во повисоко ниво, му се исплатува основната плата согласно со членот 35 од овој закон и додатокот на плата за звање во кое тој е унапреден согласно со членот 36 од овој закон.

Член 41

(1) Ако државен службеник биде оценет со оцена "^задоволува“ и истиот е распореден на работно место на кое се уште нема стекнато додатокот на плата за кариера, додатокот на платата за звање му се намалува за 5%.

(2) Ако државниот службеник биде оценет со оцена "^задоволува“ и истиот веќе се стекнал со соодветен степен на кариера согласно со член 38 од овој закон, му се исплатува основна плата и додаток на плата за звање кое соодветствува на работното место кое тој го имал стекнато пред унапредувањето.

(3) Исплата на платата на државниот службеник утврдена во ставовите (1) и (2) на овој член се врши до следното оценување.

Член 42

Вредноста на бодот за платата на државниот службеник за секоја година се утврдува со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија.

Член 43

(1) Вредноста на бодот за платата на вработените во органите на единиците на локалната самоуправа односно Градот Скопје, кои вршат работи соодветни на работите утврдени во член 3 став (1) на овој закон, за секоја година се утврдува со одлука за извршување на буџетот на единицата на локалната самоуправа односно на Градот Скопје.

(2) Одредбите од членовите 34 до 41 на овој закон соодветно се применуваат на вработените од став (1) на овој член.

Член 44

Вработените од член 3 став (3) на овој закон кои вршат функции на државата доверени како јавни овластувања ќе примаат плата согласно со одредбите од овој закон, со кои се утврдуваат платите на државните службеници.

Член 45

(1) Државниот службеник има право на додаток на платата за посебни услови за работа, и тоа за:

- ноќна работа;
- работа во смени, односно турнуси;
- работа изложена на висок ризик;
- работа за време на неделен одмор и
- работа за време на празници утврдени со закон.

(2) Работите под посебни услови од став (1) на овој член, треба да бидат предвидени во актите за систематизација на работните места во секој орган од член 3 на овој закон.

(3) Доколку државниот службеник ги врши работите од став (1) на овој член по предлог на непосредно претпоставениот државен службеник, а по одобрение на министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 на овој закон, има право на додаток на плата за посебни услови за работа.

(4) Додатоците на плата од став (1) на овој член меѓусебно не се исклучуваат.

(5) Агенцијата пропишува образец за евидентирање на работните часови поминати на работа под услови утврдени во став (1) од овој член.

Член 46

Додатокот на плата за ноќна работа по час се вреднува во износ од 35% од износот на основната плата и додатокот на платата за звање по час.

Член 47

Државен службеник кој е распореден да работи во смени, односно во турнуси, има право на додаток од 5% од износот на основната плата и додатокот на платата за звање пресметана по час.

Член 48

(1) Државен службеник кој при вршењето на работите е изложен на висок ризик по неговиот живот и здравје има право на додаток на плата, во зависност од видот на ризикот, во висина од 10-30% од износот на основната плата и додатокот на плата за звање.

(2) Работните места и висината на износот на додатокот од став (1) на овој член ги утврдува Владата.

Член 49

Државен службеник кој бил ангажиран да работи за време на неделен одмор има право на онолку слободни часови, односно денови, колку што бил ангажиран за време на неделниот одмор или има право на додаток во износ од 5% од износот на основната плата и додатокот на плата за звање, пресметана по час.

Член 50

Државен службеник за работа во денови на празници утврдени со закон, има право на додаток на плата за поминати часови на работа во износ од 50% од износот на основната плата и додатокот на плата за звање.

Член 51

(1) Државниот службеник има право на додаток на плата ако работи подолго од полното работно време и тоа во висина од 35% по час од износот на основната плата и додатокот на плата за звање, доколку работел по налог на непосредно претпоставениот државен службеник.

(2) Државниот службеник кој работел подолго од полното работно време, додатокот од став (1) на овој член има право да го замени со слободни часови, односно денови.

Член 52

(1) Државниот службеник има право на надоместоци на плата согласно со прописите за работни односи.

(2) Државниот службеник има право и на други надоместоци, и тоа:

- за патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и во странство;
- за трошоци за користење на возила во лична сопственост за службени цели;
- за трошоци за одвоен живот од семејството;
- за селидбени трошоци;
- за превоз до и од работа (над 2 км);
- за оброк;
- за трошоци за работа на терен;
- за трошоци за погреб во случај на смрт на државен службеник или член на неговото потесно семејство (брачниот другар и децата родени во брак или надвор од брак, посиноците, посвоените деца и деца земени на издржување);
- за штета при елементарни непогоди и
- за трошок при подолго боледување на државниот службеник.

(3) Висината на надоместоците од став (2) на овој член за секоја година се утврдуваат со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија.

(4) Владата на Република Македонија поблиску ја утврдува постапката и начинот на распределување на надоместоците.

(5) Висината на други надоместоци на вработените во органите на единиците на локалната самоуправа, односно Градот Скопје кои вршат работи соодветни на работите утврдени во член 3 став 1 на овој закон, за , секоја година се утврдуваат со одлука за извршување на буџетот на единицата на локалната самоуправа, односно на Градот Скопје.

Член 53

(1) Платата на државниот службеник се пресметува и исплатува во нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец.

(2) Придонесите и персоналниот данок од доход на државниот службеник ги плаќа органот од член 3 на овој закон со исплата на платата во согласност со закон.

Член 54

(1) Органот од член 3 на овој закон е должен да води евиденција на платите, додатоците на платите, надоместоците на платите и исплатените придонеси од плата и персоналниот данок од доход и за нив на државниот службеник му издава потврда дека се исплатени.

(2) Евиденцијата од став (1) на овој член се чува во работните простории на органот од член 3 на овој закон.

Член 55

(1) Ако кај државниот службеник настапи привремена неспособност за работа до седум дена, државниот службеник има право на плата во висина од 70%; до 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето во висина од 80% и до 60 дена за сите денови во висина од 90% од нето платата по ден на државниот службеник исплатена во претходниот месец.

(2) За професионалните заболувања и повредите на работа на државниот службеник платата се утврдува во висина од 100% од основицата утврдена во став (1) од овој член.

Член 56

За време на користење на годишен одмор, државниот службеник има право на плата во висина на платата што би ја примил во тековниот месец кога би бил на работа без додатокот на плата по основа на член 45 од овој закон.

Член 57

Државниот службеник кој работи за време на празници утврдени со закон, има право на зголемена основна плата и додаток на платата за звање за 100% пресметана по час.

Член 58

За време на штрајк државниот службеник има право на плата во висина од 100% од платата што ја примил претходниот месец.

Член 59

Додека трае суспендирањето државниот службеник има право на плата во висина од 60% од последната исплатена плата во месецот пред покренувањето на дисциплинската постапка што се утврдува со решението од член 73 на овој закон.

Член 60

Државниот службеник за време на стручно оспособување согласно со член 24 од овој закон, има право на плата во износ од 100% од платата што ја примал пред заминување на стручното оспособување.

Член 61

(1) На државниот службеник кој со посебно ангажирање и квалитет во извршувањето на работата позначително ќе придонесе во остварувањето на функцијата на органот од член 3 на овој закон, може да му се додели парична награда во висина до една негова плата.

(2) За паричната награда од став (1) на овој член одлучува министерот, односно фунционерот кој раководи со органот од член 3 на овој закон, на предлог од непосредно претпоставениот државен службеник.

Член 62

(1) На државниот службеник-приправник му припаѓа плата во висина од 80% од платата на државниот службеник-помлад референт, односно државниот службеник-помлад соработник.

(2) На државниот службеник-приправник му припаѓаат и додатоци на плата за посебни услови за работа и надоместоците, како и на државниот службеник вработен на неопределено време.

## V. ОДГОВОРНОСТ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 63

Државниот службеник лично е одговорен за вршењето на службените задачи.

### 1. Дисциплинска одговорност

Член 64

(1) За повреда на службената должност државниот службеник, освен генералниот, односно државниот секретар, одговара дисциплински.

(2) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на државниот службеник.

Член 65

(1) Државниот службеник одговара дисциплински за дисциплинска неуредност и дисциплински престап.

(2) Дисциплинска неуредност, во смисла на став (1) од овој член, е полесна незначителна повреда на службената должност, односно полесна повреда на угледот на службата или угледот на државниот службеник.

(3) Дисциплинскиот престап во смисла на став (1) од овој член, е потешка значителна повреда на службената должност, односно потешка повреда на угледот на службата или угледот на државниот службеник.

Член 66

За повреда на службената должност на државниот службеник може со решение да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

1Ујавна опомена;

2) парична казна во висина од 10% до 30% од висината на едномесечниот износ на платата исплатена во последниот месец пред извршувањето на повредата на службената должност и

3) престанок на вработувањето.

Член 67

(1) Дисциплинска неуредност е:

1) недоаѓање на работа во определеното време и одење од работа пред истекот на работното време и покрај опомената од непосредно претпоставениот државен службеник;

2) неуредно чување на службените списи и податоци;

3) неоправдано недоаѓање на работа до два работни дена во текот на една календарска година и

4) неносење на ознаките со личното име, ако таква обврска постои.

(2) За дисциплинска неуредност може да се изрече јавна опомена или парична казна во висина од 10% од едномесечниот износ на платата исплатена во последниот месец пред извршувањето на дисцилинската неуредност.

Член 68

(1) Дисциплински престап е:

1) неизвршување или несовесно, непристојно, ненавремено или небрежно вршење на службената должност;

2) изразување и застапување на политичко уверување во вршењето на службените задачи;

3) одбивање да се даде или давање на неточни податоци на државните органи, правните лица и на граѓаните, доколку давањето на податоци е пропишано со закон;

4) незаконито располагање со материјалните средства;

5) одбивање на вршење на службените задачи од работното место на кои е распореден или одбивање на наредби од непосредно претпоставениот државен службеник;

6) непреземање или делумно преземање на пропишаните мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети;

7) предизвикување на поголема материјална штета;

*8)* повторување на дисциплинска неуредност;

9) примање на подароци или друг вид корист и

10) одбивање на стручно оспособување и усовршување на кое државниот службеник се упатува. -

(2) За дисциплинските престапи од став 1 точки 1) до 9) на овој член се изрекува парична казна од 10% до 30% од едномесечниот износ на платата исплатена на државниот службеник во месецот пред извршувањето на дисциплинскиот престап, а доколку настапиле штетни последици за органот од член 3 на овој закон, а притоа не се утврдени олеснителни околности за државниот службеник кој го сторил престапот, се изрекува мерка престанок на вработувањето.

(3) За дисциплинскиот престап од став 1 точка 10) на овој член може да се изрече парична казна во висина од 10% до 30% од едномесечниот износ на платата исплатена на државниот службеник во месецот пред извршувањето на дисциплинскиот престап.

Член 69

(1) Дисциплинските мерки против државниот службеник за дисциплинска неуредност ги изрекува' министерот односно функционерот кој раководи со органот од член 3 на овој закон, а по претходен писмен извештај од непосредно претпоставениот државен службеник.

(2) Пред изрекување на мерката државниот службеник се известува писмено за наводите што постојат против него и тој има можност да даде одговор на извештајот од став (1) на овој член.

Член 70

(1) Министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став (2) на овој закон формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап (во натамошниот текст: Комисија).

(2) Комисијата од став (1) на овој член е составена од три члена и тоа еден раководен државен службеник и еден државен службеник во истото звање кое го има и државниот службеник против кој се води дисциплинската постапка и еден член од Агенцијата.

(3) Во текот на водењето на дисциплинската постапка комисијата од став (1) на овој член е должна да му овозможи на државниот службеник да се произнесе по сите наводи што постојат против него.

(4) Комисијата од став (1) на овој член по спроведената дисциплинска постапка му предлага соодветна дисциплинска мерка на министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 став 2 на овој закон за што тој донесува решение.

(5) Дисциплинската постапка завршува во рок од 45 дена од денот на нејзиното покренување.

Член 71

(1) Дисциплинската постапка против државниот службеник ја покренува непосредниот раководен државен службеник.

(2) Секој државен службеник и друго лице, во согласност со закон, има право да поднесе иницијатива за покренување на дисциплинска постапка против државен службеник која мора да биде образложена.

Член 72

Државниот службеник може да биде суспендиран од органот од член 3 став (2) на овој закон врз основа на решение на министерот, односно функционерот кој раководи со органот, а на предлог на непосредно раководниот државен службеник кој го поднел предлогот за покренување на дисциплинската постапка.

Член 73

Против решението од членовите 70 став (4) и 72 на овој закон државниот службеник има право да изјави жалба до Агенцијата во рок од осум дена од денот на врачувањето на решението.

**2. Материјална одговорност**

Член 74

(1) Државниот службеник е одговорен за штетата која на работа или во врска со работата, намерно или од крајна небрежност, ја предизвикал на органот од член 3 на овој закон.

(2) Постоење на материјалната штета, нејзината висина, околностите под кои настанала, кој ја предизвикал штетата и кој ќе ја надомести, утврдува комисија формирана од страна на министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 на овој закон.

(3) Врз основа на извештајот на комисијата министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 на овој закон утврдува обврска државниот службеник да ја надомести штетата.

Член 75

Органот од член 3 на овој закон е должен да ја надомести материјалната штета што државниот службеник во вршењето на службената должност ја предизвикал кон трети лица. -

Член 76

Министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 на овој закон може целосно или делумно да го ослободи државниот службеник од надоместување на штетата, доколку таа не е сторена со умисла или доколку со исплата на надоместокот на штетата се загрозува егзистенцијата на државниот службеник и неговото семејство.

## VI. ОЦЕНУВАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 77

(1) Државните службеници освен генералниот, односно државниот секретар во текот на нивната работа, врз основа на постојано следење секоја година се оценуваат најдоцна до крајот на првото тримесечје на наредната година за изминатата година.

(2) Државните службеници кои во текот на годината биле отсутни од работа подолго од шест месеци (боледување, неплатено отсуство и слично), нема да бидат оценувани.

Член 78

(1) Оценувањето на раководните државни службеници го врши министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 на овој закон.

(2) Оценувањето на стручните и стручно-административните државни службеници го врши непосредниот раководен државен службеник.

(3) Начинот и постапката за оценување на државните службеници се утврдува со акт на Агенцијата.

Член 79

(1) Оценувањето на државните службеници се врши врз основа на податоци што се однесуваат на стручното знаење и способност во работата, залагањето, резултатите од работата, креативноста и совесноста при извршувањето на службените задачи кои се од значење за вршењето на службата.

(2) Податоците од став (1) на овој член се внесуваат во образец кој го пропишува Агенцијата.

Член 80

(1) Оценатa за државниот службеник може да биде "се истакнува", "задоволува" и "^задоволува".

(2) Државниот службеник кој не е задоволен од оценатa од став (1) на овој член може да поднесе приговор до Агенцијата, во рок од 15 дена од денот на врачувањето на решението.

(3) По приговорот од став (2) на овој член Агенцијата во рок од 15 дена донесува конечна одлука.

## VII. ПРЕСТАНОК НА ВРАБОТУВАЊЕТО

Член 81

На државниот службеник му престанува вработувањето ако е осуден за кривично дело во врска со службената должност или друго кривично дело кое го прави недостоен за државен службеник и за вршење на службата во органот од член 3 од овој закон, со денот на врачувањето на правосилната пресуда ако биде оценет со оценатa "не задоволува" двапати последователно или во последните пет години најмалку трипати и во други случаи утврдени со закон.

Член 82

(1) Во случај на намалување на надлежностите на органите од член 3 на овој закон или на обемот на работата и ако поради тоа има потреба од намалување на бројот на државните службеници, државниот службеник кој ги извршувал тие работи може да се распореди во истиот орган на работно место во исто или пониско звања.

(2) Доколку државниот службеник во рок од три месеци не биде распореден на работно место во смисла на став (1) од овој член му престанува вработувањето.

(3) На државниот службеник кој ќе го одбие распоредувањето во смисла на став (1) од овој член му престанува вработувањето во органот од член 3 на овој закон.

(4) Кај распоредувањето, во смисла на став (1) од овој член, предност имаат државните службеници со подобра оцена на работата.

(5) Во случај на престанок на вработувањето во смисла на ставовите (2) и (3) на овој член, државниот службеник има право на еднократен надоместок во вид на испратнина во износ од три негови исплатени месечни нето плати остварени во последниот месец пред престанокот на вработувањето.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 83

Работниците кои засновале работен однос до денот на влегувањето во сила на овој закон согласно со Законот за органите на управата ("Службен весник на СРМ" број 40/90, и "Службен весник на Република Македонија" број 63/94 и 63/98) продолжуваат да работат на работните места на кои се распоредени и продолжуваат да ја примаат платата која ја примале пред влегувањето во сила на овој закон се до стекнувањето на статус државен службеник и до отпочнувањето на примената на системот на плати утврден согласно со овој закон.

Член 84

(1) Работниците од член 83 на овој закон се должни во рок од три години од денот на донесувањето на актите од став (3) на овој член, да положат преоден испит за проверка на знаењето и се распоредуваат согласно со актот за организација и систематизација на работните места на органот во звање кое е соодветно на стекнатото звање.

(2) Владата во рок од шест месеци од денот на отпочнувањето со работа на Агенцијата, по предлог на Агенцијата, со уредба ќе го утврди описот на звањата и соодветноста на постојните звања со групите и звањата утврдени со овој закон.

(3) Актите за подготвување и спроведување на преодниот испит од став (1) на овој член ќе ги подготви Агенцијата во рок од шест месеци од денот на отпочнувањето со работа на Агенцијата.

(4^ Агенцијата ќе го спроведе преодниот испит од став (1) на овој член според динамиката која ќе ја утврди со програма.

(5) На работникот од став (1) на овој член кој ќе го положи преодниот испит, Агенцијата му издава потврда.

(6) Лицата вработени во органите на државната управа и стручните служби во органите од член 3 на овој закон кои на денот на влегувањето во сила на овој закон имаат над пет години работен стаж, се распоредуваат на работни места погласно со актите за систематизација на работните места во звање кое е соодветно на стекнатото звање без да го полагаат испитот од став (1) на овој член.

Член 85

(1) Раководните работници именувани според Законот за органите на управата продолжуваат да ја вршат функцијата на раководни работници и да ја примаат платата која ја примале до завршувањето на мандатот.

(2) Раководните работници од став (1) на овој член кои на денот на влегување во сила на овој закон имаат над десет години работен стаж во органите од член 3 на овој закон, по истекот на мандатот за кој се именувани се распоредуваат на работно место во звање кое е соодветно на стекнатото звање.

Член 86

За генерален, односно државен секретар во рок од три години од денот на влегувањето во сила на овој закон, можат да се именуваат и лица кои не се вработени во органите од член 3 став (2) на овој закон.

Член 87

Прописите и другите акти чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 88

До донесување на прописите и другите акти чие донесување е утврдено со овој закон ќе продолжат да се применуваат прописите и другите акти кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 89

Актите за организација и систематизација на работните места, како и другите акти министерот, односно функционерот кој раководи со органот од член 3 на овој закон ќе ги донесе во роќ од три месени по донесувањето на прописите што ќе ги донесе Владата, односно Агенцијата.

Член 90

(1) Агенцијата почнува со работа со денот на именувањето на директорот.

(2) Владата во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе го именува директорот на Агенцијата.

(3) Во рок од 30 дена од денот на именувањето на директорот на Агенцијата, ќе се донесат актите за организација и систематизација на работните места на Агенцијата.

Член 91

(1) Со денот на отпочнување на примената на системот на плати утврден со овој закон, доколку платата што државниот службеник ја имал пред влегувањето во сила на овој закон е повисока од платата што треба да ја прима согласно со овој закон, со неговото прво распоредување на рајботно место со овој закон има право на личен преоден додаток еднаков на разликата меѓу вкупната плата што ја примал пред денот на отпочнување на примената на системот на исплата на плати утврден со овој закон и платата согласно овој закон.

(2) Државен службеник кој прима личен преоден додаток нема право на покачување на платата се додека не се изедначи со нивото на плата за звањето на кое е распореден согласно со овој закон.

Член 92

Со денот на влегувањето во сила на овој закон работниците кои засновале работен однос согласно со Законот за органите на управата и немаат статус на државни службеници согласно со член 3 став (4) од овој закон продолжуваат да работат на работните места и да ја примаат платата која ја имале пред влегувањето во сила на овој закон се до уредувањето на нивните плати согласно со член 7 став (3) од овој закон. 1

Член 93

Државен службеник кој на денот на влегување во сила на овој закон е распореден на работно место за кое не ги исполнува пропишаните услови по однос на степенот на образованието, бидејќи има понизок степен на образование од пропишаниот во актот за систематизација на работните места, го задржува распоредувањето на работното место за кое е пропишано повисок степен на образование и плата, ако на денот на влегувањето во сила на овој закон има уште пет години до остварувањето на правото на старосна пензија според прописите за пензиско и инвалидско осигурување.

Член 94

Дисциплинските постапки кои се во тек ќе завршат според прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 95

Вработените приправници во органите од член 3 на овој закон кои го имаат тој статус на денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе го полагаат приправничкиот испит според прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 96

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува примената на одредбите на колективните договори по прашањата кои се уредени со овој закон.

Член 97

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а одредбите од "Глава IV - Систем на плати и надоместоци на плати на државните службеници" ќе се применуваат од 01 јануари 2001 година.

**2478.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРНА ХИПОТЕКА

Се прогласува Законот за договорна хипотека, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 јули 2000 година.

Бр. 07-3236/1
18 јули 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ДОГОВОРНА ХИПОТЕКА

### Глава I

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат начинот, условите и постапката за настанување, постоење, реализација и престанувањето на заложно право врз недвижности врз основа на договор (во натамошниот текст: право на хипотека или хипотека).

Член 2

Со хипотеката се обезбедува намирување од вредноста на предметот на хипотеката на одредено парично побарување или побарување чија вредност може да се изрази во пари.

Намирувањето од вредноста на предметот на хипотеката, на паричното или на друг вид побарување чија вредност е изразлива во пари, под услови и начин утврден со овој закон може да биде заменето со стекнување на право на сопственост врз предметот на хипотеката (lex cотrшssoпa).

Побарувањето од ставот 1 на овој член се смета дека е доволно одредено ако е определен неговиот носител, должник и правниот основ.

Член 3

Правото на хипотека се стекнува со склучување на договорот за хипотека и со запишување во јавна книга, на начин и под услови пропишани со закон.

Ако не се исполнети условите потребни за запишување на правото на хипотека во јавната книга, а е побарано вакво запишување, тоа ќе се заснова со прибележување под услов дополнително да се изврши запишување на правото на хипотека во јавната книга, ако со закон поинаку не е определено.

Под "јавна книга" во смисла на овој закон, се подразбира книгата во која се врши запишувањето на правото на сопственост врз недвижностите и на другите стварни права врз тие недвижности, како и книгата во која се врши запишувањето на правото на сопственост и други стварни права врз ствари изедначени со недвижностите според друг закон.

Член 4

Одредбите на овој закон за засновањето на правото на хипотека соодветно се применуваат и на промената и престанокот на правото на хипотека, како и на надхипотеката доколку со овој закон поинаку не е предвидено.

Член 5

По извршениот упис на правото на хипотека, промена или нејзин престанок, органот надлежен за воде-

ње на јавната книга во која се врши овој упис, промена или престанок на правото на хипотека по службена должност - со електронска пошта или на друг соодветен начин ги внесува сите релевантни правни податоци во врска со правото на хипотека во централната база на податоци при централниот регистар.

На уписот на правото на хипотека, промената или нејзиниот престанок соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за залог на подвижни предмети и права и подзаконските акти донесени врз основа на тој закон.

Член 6

Договорот за хипотека се склучува во писмена форма.

Договорот што не е склучен во писмена форма не произведува правно дејство.

Член 7

Доверителот и должникот на договорот за заснование на хипотека можат да му дадат својство на извршна исправа пред или по извршениот упис на хипотеката во јавната книга.

Договорот за хипотека својството на извршна исправа го стекнува со заверка на нивните потписи од страна на нотар и со давање на нивна изјава пред нотар за негова извршност.

Член 8

Договорот за хипотека особено содржи:

- податоци за договорните страни (име и презиме, живеалиште или престојувалиште, односно назив или фирма и седиште), како и нивните матични, односно регистарски броеви;
- опис на предметот на хипотеката (недвижноста), според податоците од јавната книга со доволна спецификација за да може да се идентификува;
- правната основа на побарувањето што се обезбедува со хипотеката и нејзиниот износ;
- приближна вредност на предметот на хипотеката;
- рокот на пристигнувањето на побарувањето и правото на хипотека;
- местото и датумот на склучување на договорот и

согласност на хипотекарниот должник, хипотекарниот доверител да бара да се изврши запишување на правото на хипотека во јавната книга (c1aиsи1a ш(a1ш1aп(H).

Доколку едната од договорните страни го промени живеалиштето или престојувалиштето, односно називот или фирмата и седиштето, а не се вршат промени на податоците наведени во ставот 1 алинеја 1 на овој член, ќе се смета дека доставата е извршена уредно и во случаите кога странката нема да се најде на адресата наведена во договорот.

Член 9

Со договорот за хипотека, хипотекарниот должник се обврзува заради заснование на правото на хипотека со кое се обезбедува одредено побарување на хипотекарниот доверител да му допушти тој своето право на хипотека да го запише во јавна книга, а по престанокот на неговото побарување ги презема сите правни дејства правото на хипотека да се избрише од јавната книга (c1aиsи1a т1aви1aгкП).

Член 10

Ништовна е одредбата од договорот за хипотека со која на хипотекарниот доверител му се предава во владение предметот на хипотеката или му се дава право на било кој начин да го искористува предметот на хипотеката, освен ако со закон поинаку не е определено.

Ништовна е одредбата од договорот за хипотека според која предметот на хипотеката ќе премине во сопственост на хипотекарниот доверител ако долгот не биде платен во времето на неговото пристигнување, спротивно на условите предвидени во овој закон.

Ништовни се и одредбите од договорот за хипотека според кои должникот не може во никој случај да се ослободи од хипотеката, ниту може на било кој да му допушти да заснова право на хипотека врз предметот над кој хипотекарниот доверител се стекнал со право на хипотека или пак хипотекарниот доверител да не може ниту по пристигнувањето на своето побарување да бара продажба на предметот на хипотеката.

Ништовна е одредбата од договорот за хипотека според која хипотекарниот доверител може по своја волја или по однапред утврдена цена да го отуѓи предметот на хипотеката или да го задржи за себе.

Член И

Хипотекарен должник може да биде секое физичко и правно лице кое има одреден паричен долг или долг чија вредност може да се изрази во пари во однос на хипотекарниот доверител, како и трето лице кое нема таков долг, а е согласно да одговара за туѓ долг со засновање на хипотека врз своја недвижност.

Физичките и правните лица во рамките на нивната правна и деловна способност се јавуваат во својство на хипотекарен доверител и хипотекарен должник.

Член 12

Хипотекарен доверител може да биде секое физичко и правно лице кое има одредено парично побарување или побарување чија вредност може да се изрази во пари во однос на свој должник кој е согласен врз својата недвижност да допушти засновање на право на хипотека во полза на тој доверител или место него тоа да го стори трето лице (хипотекарен должник).

Член 13

Со хипотека може да се оптовари целата недвижност, како и идеален дел на таа недвижност.

Со хипотека може да се оптоварат и повеќе недвижности како да се една недвижност (заедничка, симултана хипотека).

Хипотеката може да се заснова само врз недвижности што се во сопственост на хипотекарниот должник и се во правниот промет.

. Доколку на недвижноста постои сосопственост, односно заедничка сопственост, а правото на хипотека се заснова на целата недвижност, на барање од хипотекарниот доверител, хипотекарниот должник е должен да предаде писмена согласност од другиот сосопственик, односно заедничкиот сопственик, заверена кај нотар, односно кај друг соодветен орган ако изјавата се дава во странство, со што тие стануваат хипотекарни содолжници.

Ако хипотекарниот должник кај сосопственоста не ја прибави согласноста од ставот 4 на овој член, а хипотеката биде заснована, таа ќе се смета како хипотека на идеален дел од недвижноста.

Член 14

Хипотеката може да се заснова и врз иден предмет, односно таа да биде дадена и за идна или условна обврска, како и врз неа да се заснова надхипотека.

Член 15

Предмет на правото на хипотека може да биде и недвижност врз која веќе постои право на хипотека на истиот или друг хипотекарен доверител.

Член 16

Додека трае правото на хипотека, намирувањето на побарувањето е обезбедено со предметот на хипотеката како целина, вклучувајќи ги и сите негови припадоци и прирастоци се додека не се одвојат од него, како и на одделните делови на недвижноста настанати со подоцнежна нејзина делба (неделивост на хипотеката).

Ако предметот на хипотеката пропадне, па наместо него настане право кое го надоместува вредносно (право на надомест, на осигурување и слично), правото на хипотека продолжува да трае понатаму врз тоа право (право на супституција), кое согласно со одредбите на овој закон се запишува во јавна книга.

Во случите од ставот 2 на овој член соодветно се применуваат одредбите од овој закон.

Член 17

Со предметот на хипотеката покрај главното побарување на хипотекарниот доверител се обезбедени и споредните побарувања (камата, трошоци настанати околу наплата и слично).

Член 18

Правото на хипотека го обезбедува намирувањето на побарувањето од вредноста на предметот на хипотеката како целина, заради што оптоварувањето на предметот на хипотеката не се намалува со намалување на побарувањето, ако со закон поинаку не е определено.

Член 19

Ако правото на хипотеката е засновано така што обезбедува намирување на одредено побарување од вредноста на повеќе недвижности како една хипотека (заедничка, симултана хипотека) хипотекарниот доверител може слободно да избира од која недвижност ќе го намири своето побарување, освен ако нешто друго не е договорено.

Член 20

Правото на хипотека не може да се одвои од предметот на хипотеката, без оглед на тоа дали друго лице по било кој правен основ го стекнало предметот на хипотеката.

Согласно со ставот 1 на овој член стекнувачот на правото врз предметот на хипотеката го стекнува овој предмет во сопственост оптоварен со правото на хипотека, освен во случај на редовно деловно работење на хипотекарниот должник со изградба и промет на недвижности. Во овој случај стекнувачот на правото врз предметот на хипотеката го стекнува овој предмет во сопственост неоптоварен со правото на хипотека, а правото на хипотека продолжува да трае и понатаму врз добиените приходи.

Правото на хипотека не може да се пренесе од еден предмет на хипотеката врз друг, ако нешто друго не е договорено (неделивост на правото од предметот на хипотеката).

Член 21

Правото на хипотека може да се отуѓи и наследи само заедно со побарувањето обезбедено со ова право (акцесорност на хипотеката).

**Глава II**

**Права и обврски на договорните страни**

Член 22

Хипотекарниот доверител чие побарување е обезбедено со право на хипотека врз одредена недвижност можело границите на своето побарување од таа недвижност, да заснова на постојното право на хипотека, хипотека во корист на трето лице (надхипотека) и без согласност на хипотекарниот должник.

На засновањето на надхипотеката соодветно се применуваат одредбите на овој закон кои се однесуваат на засновањето на хипотеката.

Кога хипотекарниот должник ќе биде известен дека врз предметот на хипотеката е заснована надхипотека во полза на подхипотекарен доверител,може да го надмири долгот на хипотекарниот доверител само ако со тоа се согласи надхипотекарниот доверител или може долгот да го положи во суд односно кај нотар, инаку предметот на хипотеката останува заложен за подхипотекарниот доверител.

За надхипотеката соодветно се применуваат одредбите од овој закон за хипотеката освен ако не произлегува нешто друго од правната природа на надхипотеката.

Член 23

Ако хипотекарниот должник ја смалува вредноста на предметот на хипотеката или на друг начин ја влошува неговата состојба, хипотекарниот доверител може да бара во разумен рок хипотекарниот должник да го врати предметот на хипотеката во првобитна состојба.

Ако хипотекарниот должник не постапи согласно со ставот 1 на овој член хипотекарниот доверител / може да бара од судот да му наложи на хипотекарниот должник да се воздржи од таквите дејствија, а ако тој тоа не го стори, може да бара наплата на побарувањето обезбедено со хипотеката и пред неговото пристигнување, согласно одредбите на овој закон кои се однесуваат на реализација на хипотеката.

Ако хипотекарниот должник по истекот на рокот на пристигнувањето не ја исполни својата обврска, а реализацијата на хипотеката се уште не е започната, должен е да се грижи за заштита на предметот од намалување на неговата вредност, во спротивно ќе одговара за надомест на штета во обем на намалената вредност на предметот.

Ако е очигледно дека ќе дојде до намалување на вредноста на предметот на хипотеката или до одделување на припадоците од него или ако тоа веќе настанало, хипотекарниот доверител може да бара од судот враќање во поранешната состојба или дополнително обезбедување од хипотекарниот должник.

Член 24

Кога врз одредена недвижност постои право на хипотека, хипотекарниот доверител има право на првенство во намирување на своето побарување во однос на сите други доверители, освен ако нешто друго не е определено со закон.

Кога врз иста недвижност постојат повеќе хипотеки, редоследот по кој ќе се намируваат побарувањата на тие доверители се определува според датумот на запишувањето во јавната книга, освен ако нешто друго не е определено со закон.

Ако врз една иста недвижност се запишани повеќе хипотеки во еден ист ден,редоследот по кој ќе се врши намирувањето ќе се определи според часот на приемот на барањето за запишување на хипотеката во јавната книга,освен ако нешто друго не е определено со закон.

Барањата за запишување на хипотеката во јавната книга поднесени во ист момент (ден и час), имаат ист третман во поглед на намирувања на побарувањата.

Член 25

На правото на хипотека врз бродови и други пловни објекти и на воздухопловите соодветно се применуваат одредбите од овој закон, освен ако нешто друго не е предвидено со друг закон.

Член 26

Хипотекарниот должник има обврска да го користи предметот на хипотеката со внимание на добар домаќин, или со внимание на добар стопанственик, или со внимание на добар стручњак.

Ако предметот на хипотеката дава плодови, плодовите по одвејувањето хипотекарниот должник ќе ги задржи за себе, ако со договорот поинаку не е предвидено.

Член 27

Хипотекарниот доверител има право сам или преку друго од него овластено лице да врши надгледување на состојбата во која се наоѓа предметот на хипотеката.

Правото од ставот 1 на овој член хипотекарниот доверител може да го остварува во секое време, освен во невреме.

Член 28

Доколку се покаже дека предметот на хипотеката има некој правен или материјален недостаток, па не претставува доволно обезбедување за наплата на побарувањето, хипотекарниот должник на барање на хипотекарниот доверител, е должен во разумен рок да го ослободи предметот на хипотеката од соодветниот недостаток,во спротивно има обврска во рокот што ќе му го определи доверителот да допушти запишување на право на хипотека врз друг соодветен негов пред-

мет (недвижност) кој нема правен или материјален недостаток.

Ако недостатокот не биде отстранет или предметот на хипотеката не биде заменет со друг предмет кој е без недостаток, хипотекарниот доверител може да бара судот да наложи отстранување на недостатокот или заменување на предметот на хипотеката со друг предмет без недостатоци.

Ако договорот за хипотека има својство на извршна исправа, барањето од ставот 2 на овој член се доставува до судот кој го спроведува извршувањето.

Покрај правата од ставовите 1, 2 и 3 на овој член, хипотекарниот доверител кога постои некоја од наведените причини во овој член може и пред пристигнувањето на своето побарување да бара негова наплата од предметот на хипотеката.

Член 29

Ако хипотекарниот должник презема дејствија или пропушта дејствија поради што се доведува во опасност или очигледно се намалува вредноста на предметот на хипотеката, хипотекарниот доверител има право да бара хипотекарниот должник без одлагање да престане тоа да го чини, а ако не се воздржи од тоа, може и пред пристигнувањето на своето побарување да бара негова присилна наплата од предметот на хипотеката, според одредбите на овој или друг закон.

Ако по рокот на пристигнувањето на побарувањето хипотекарниот должник го оттуѓи предметот на хипотеката, таквото оттуѓување нема правно дејство.

Член 30

Хипотекарниот доверител има право да ги поставува сите барања потребни за заштита на своето право на хипотека.

На барањето кое хипотекарен доверител го поставува заради остварување на правото на хипотека врз предметот на хипотеката соодветно се применуваат прописи со кои се штити правото на сопственост.

Член 31

Хипотекарниот доверител кој има во залог некој предмет изедначен со недвижностите, во поглед на правото на залог врз тој предмет, има овластувања и обврски, како оние кои би ги имал ако предметот на хипотеката е некоја недвижност, ако нешто друго со закон поинаку не е определено.

Член 32

Хипотекарниот доверител има право да бара од сопственикот на предметот на хипотеката да го признае и трпи неговото право на хипотека како товар врз тој предмет, да го трпи вршењето на овластувањата на хипотекарниот доверител врз неговата недвижност, како и да пропушта да чини на тој предмет она што заради правата на хипотекарниот доверител е должен да не го прави.

Исто така, хипотекарниот доверител има право да бара и од секое друго лице да се воздржи од чинење со кое бесправно го оневозможува или вознемирува во извршувањето на своето право на хипотека засновано врз заложената недвижност.

Правото од ставот 1 на овој член му припаѓа на секој хипотекарен доверител кој има свое сопствено право на хипотека врз ист предмет на хипотеката.

Правото од ставовите 1 и 2 на овој член не застарува.

Член 33

Хипотекарниот доверител за да може пред суд или друг надлежен орган да го оствари своето право од членот 32 на овој закон, мора да го докаже своето право на хипотека и дејствувањето на тужениот со кој се попречува или вознемирува хипотекарниот доверител во вршењето на своето право на хипотека.

Член 34

Ако некој го повреди правото на хипотека врз предметот на хипотеката со неполноважен упис во јавната книга, хипотекарниот доверител има право да се штити од таа повреда со правни средства предвидени за заштита на правата кои се запишуваат во јавните книги.

**Глава III**

**Престанок на хипотеката**

" Член 35

Хипотеката престанува со бришење од соодветната јавна книга.

Причини за престанок на хипотеката се:

- исполнување на главното побарување заедно со сите споредни побарувања;
- полноважно откажување од хипотеката од страна на хипотекарниот доверител;
- истек на рокот или исполнување на условот ако договорот за хипотека бил орочен, односно условен;
- пропаѓањето на предметот на хипотеката;
- престанок на правното лице кое е хипотекарен доверител, а нема свој правен следбеник;
- соединување во едно лице на хипотекарниот доверител и хипотекарниот должник (конфузија) и
- во други случаи предвидени со закон.

Престанок на хипотеката со бришење под условите наведени во ставот 2 на овој член, може да побараат хипотекарниот доверител или хипотекарниот должник

Член 36

Кога предметот на хипотеката ќе пропадне, а на негово место не дојде друг соодветен предмет, правото на хипотека престанува, но побарувањето обезбедено со хипотека врз тој предмет останува и натаму.

Член 37

Правото на хипотека престанува со полноважно откажување на хипотекарниот доверител.

Откажувањето е полноважно ако хипотекарниот доверител безусловно дал дозвола за бришење на хипотеката од јавната книга.

Ако страната на хипотекарниот доверител е составена од повеќе лица, откажувањето од хипотеката е полноважно ако со него се согласиле сите лица.

Ако постојат повеќе хипотекарни доверители, секој од нив може да се откаже од своето право на хипотека кое во тој случај престанува за него, но во однос на другите доверители останува непроменето.

Член 38

Правото на хипотека кое е ограничено со рок или со раскинлив услов престанува поради истекот на рокот или исполнување на условот.

Член 39

Правото на хипотека престанува кога правото на побарување обезбедено со хипотеката целосно ќе биде извршено или престане со сите споредни побарувања (камата,трошоци и слично) и биде избришано од јавна книга.

Додека правото на хипотека не биде избришано, сопственикот на предметот на хипотеката може врз основа на прибавено признание од хипотекарниот доверител или друг вид исправа со која се докажува престанокот на побарувањето обезбедено со хипотека, предметот на хипотеката да ја пренесе на новото побарување кое е еднакво со претходното побарување.

Ако постои постара хипотека врз одредена недвижност, новата која е запишана на нејзино место во првенството на редот на намирувањето ќе има свое правно дејство единствено под услов старата хипотека да се избрише или со согласност на содоговарачите да се пренесе на новата хипотека.

Ако постарата хипотека се однесува на повеќе недвижности како заеднички (симултани), новата добива правно значење единствено под услов старата да се избрише од сите недвижности кои ги оптоварува.

Одредбите од овој член на соодветен начин ќе се применуваат и кога новото побарување треба да дојде на местото на две или повеќе хипотекарни побарувања кои во редот на првенство доаѓаат непосредно едноподруго.

Член 40

Правото на хипотеката престанува ако правното лице кое е хипотекарен доверител престане, а нема свој правен следбеник.

Член 41

Правото на хипотека престанува кога хипотекарниот доверител и хипотекарниот должник ќе се соединат во една личност (конфузија), кога побарувањето на хипотекарниот доверител ќе биде прогласено за неважечко, односно ништовно, поради рушливост или поради апсолутна ништовност на правниот основ, како и кога ќе дојде до спогодбено раскинување на договорот за хипотека.

Член 42

Правото на хипотека престанува и со чинот на реализирањето на побарувањето на хипотекарниот доверител од предметот на хипотеката на начините предвидени со овој закон.

## Глава IV

## Реализација на хипотеката

Член 43

Реализацијата на хипотеката се врши преку нотар според одредбите на овој закон или преку правно лице регистрирано за промет на недвижности, според одредбите на посебен закон или преку суд според Законот за извршната постапка.

Член 44

Ако хипотекарниот доверител и хипотекарниот должник во договорот за хипотека се договориле, хипотекарниот доверител може да побара реализација на хипотеката преку нотар или преку правно лице регистрирано за промет на недвижности или преку суд, по задоцнувањето на хипотекарниот должник со исполнување на својата обврска и доколку претходно договорот за хипотека стекнал својство на извршна исправа согласно со членот 7 на овој закон.

Ако во договорот за хипотека не е договорен начинот на реализација на хипотеката, хипотекарниот доверител пред отпочнувањето на постапката за реализација има право реализијата на хипотеката да ја оствари преку нотар или преку правно лице регистрирано за промет на недвижности или преку суд.

Член 45

Ако реализацијата се врши преку нотар, хипотекарниот доверител е должен да го извести хипотекарниот должник преку нотар во рок од 15 дена од пристигнувањето на побарувањето, со кое бара заложената недвижност да се продаде со посредство на нотар.

Во случајот од ставот 1 на овој член, хипотекарниот должник е должен да даде изјава во рок од 15 дена од приемот на известувањето со која ќе го именува нотарот кој ќе ја изврши продажбата на заложената недвижност, како и да ја определи најниската цена по која заложената недвижност може да се продаде, како и дека е согласен да ги авансира трошоците на продажбата и дека е согласен од износот добиен при продажбата, претходно да се намири побарувањето на хипотекарниот доверител со каматите и трошоците.

Доколку хипотекарниот должник не постапи согласно со ставот 2 на овој член, наместо него тоа ќе го направи хипотекарниот доверител, со цел да се продаде заложената недвижност.

Почетната цена на заложената недвижност не може да биде пониска од висината на обезбеденото побарување со хипотеката, зголемена за трошоците и каматите кои ќе пристигнат, до истекот на рокот до кој нотарот ќе треба да ја продаде заложената недвижност.

Откако ќе ја прими изјавата со прилозите од ставовите 2 и 3 на овој член, хипотекарниот доверител е должен во рок од осум дена да го овласти нотарот кој ќе го именува хипотекарниот должник за да ја продаде заложената недвижност во согласност со условите определени во изјавата од хипотекарниот должник.

Хипотекарниот должник е должен да ги преземе сите дејствија на барање од нотарот за да се овозможи разгледување на заложената недвижност која треба да се продаде. Во спротивно му одговара на хипотекарниот доверител за штетата која тој ќе ја претрпи, ако не се продаде заложената недвижност.

Член 46

Нотарот продажбата ќе ја изврши со усно јавно наддавање во место и простории наведени во огласот за продажбата.

Ако усното јавно наддавање не успее, продажбата на заложената недвижност може да се изврши со непосредна спогодба, ако со тоа се согласат хипотекарниот должник и хипотекарниот доверител, односно хипотекарните доверители.

За извршената продажба нотарот составува записник, кој го потпишуваат купувачот и нотарот.

Ако продажбата е извршена со непосредна спогодба, во записникот за извршената продажба мора да е содржана изјавата на хипотекарниот должник и хипотекарниот доверител.

Записниците од ставовите 3 и 4 на овој член претставуваат правен основ за стекнување на правото на сопственост.

Член 47

Ако нотарот не успее да ја продаде заложената недвижност во рок од три месеци од денот кога хипотекарниот доверител за тоа го овластил, ќе се смета дека хипотекарниот доверител станал сопственик на заложената недвижност, за цената која одговара на износот на обезбеденото побарување зголемено со трошоците и каматите, освен ако хипотекарниот доверител во рок од 15 дена по истекот на рокот, не го извести преку нотар хипотекарниот должник дека не сака правото на сопственост врз заложената недвижност да премине на него, наместо исплата на обезбеденото побарување.

Ако хипотекарниот доверител стане сопственик на заложената недвижност, обезбеденото побарување се смета за намирено од моментот кога тој станал сопственик на заложената недвижност.

Ако хипотекарниот доверител го извести хипотекарниот должник дека не сака заложената недвижност да премине во негова сопственост, наместо обезбеденото побарување, овластен е своето побарување спрема хипотекарниот должник да го остварува независно од овластувањата кои ги има согласно со ставовите 1 и 2 на овој член.

Ако се исполнети условите од ставот 1 на овој член за стекнување на правото на сопственост, нотарот ќе состави записник за тоа кој ќе биде основ за стекнување на правото на сопственост.

Член 48

Ако хипотекарниот доверител го извести хипотекарниот должник дека не сака заложената недвижност да премине во негова сопственост, наместо исплата на обезбеденото побарување има право заложената недвижност да ја продава преку нотар со усно јавно наддавање во место и простории наведени во огласот за продажбата на недвижности.

Ако хипотекарниот доверител со продажбата на заложната недвижност од ставот 1 на овој член не успее во целост да го намири своето побарување, може да бара од хипотекарниот должник намирување и за преостанатиот дел од своето побарување.

За извршената продажба преку нотар, нотарот составува записник кој го потпишува купувачот и но-

тарот, при што записникот мора да ги содржи битните елементи на договорот за продажба кој претставува правен основ за стекнување на правото на сопственост.

Нотарот кој ја извршил продажбата на недвижноста при намирувањето мора да води сметка за правото на приоритет.

Член 49

Купувачот на предметот на хипотеката која се реализира согласно со одредбите од овој закон, стекнува сопственост врз недвижноста ослободена од сите заложни побарувања.

Член 50

Известувањата и доставите кои произлегуваат од членовите 43 до 49 на овој закон ќе се сметаат за уредни ако се извршени на адресите на хипотекарниот должник на начин предвиден во членот 8 на овој закон.

Член 51

Во постапката за продажба на недвижности уредена со овој закон, во недостаток на одредби за продажбата ќе се применуваат одредбите од Законот за извршна постапка, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

**Глава V**

**Преодни и завршни одредби**

Член 52

До целосно установување на катастарот како единствена јавна книга за упис, промена и престанок на правото на сопственост, како "јавна книга" за упис на правото на сопственост се смета книгата на тапии, а за стварните товари интабулационата книга за подрачјата за кои не е установен целосно катастарот.

По установувањето на катастарот како единствена јавна книга, судот кај кого се водела интабулационата книга во рок од шест месеци по службена должност ќе ги достави сите податоци до катастарот, а катастарот овие податоци по службена должност ги внесува во централната база на податоци при централниот регистар.

Член 53

Одредбите на овој закон кои се однесуваат на реализација на хипотеката ќе се применуваат и за хипотеките засновани согласно со одредбите на Законот за измени и дополнувања на Законот за извршната постапка ("Службен лист на СФРЈ" број 27/90) и Законот за извршната постапка ("Службен весник на Република Македонија" број 53/97), ако се уште не е започната реализацијата на тие хипотеки.

Се смета дека реализацијата на хипотека не е започната и по донесено решение за извршување, ако се уште не е преземено ниту едно фактичко дејствие по донесеното решение за извршување.

Член 54

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од глава 4, членовите од 61 заклучно со 69 од Законот за основните сопственосно-правни односи ("Службен лист на СФРЈ" број 6/80 и 36/90) и насловот и одредбите од глава 23, членовите 247 заклучно со 252 од.Законот за извршната постапка ("Службен.весник на Република Македонија" број 53/97).

Член 55

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**2479.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШНАТА ПОСТАПКА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за извршната постапка,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 јули 2000 година.

Бр. 07-3238/1
18 јули 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШНАТА ПОСТАПКА

Член 1

Во Законот за извршната постапка ("Службен весник на Република Македонија" број 53/97), по членот 5 се додава нов наслов и нов член 5-а, кои гласат:

**"Доставување**

Член 5-а

На правно лице кое е запишано во одреден судски или друг регистар доставувањето му се врши на адресата наведена во предлогот. Ако доставувањето на адресата наведена во предлогот не успее, доставувањето ќе се изврши на адресата на седиштето кое е запишано во регистарот. Ако доставувањето не успее ни на таа адреса, тогаш доставувањето ќе се изврши со истакнување на писменото на огласната табла на судот. Ќе се смета дека доставувањето е извршено со истекот на осмиот ден од денот на истакнувањето на писменото на огласната табла на судот.

Одредбите од став 1 на овој член се применуваат и на физичките лица кои вршат одредена регистрирана дејност (трговци поединци, нотари, адвокати, лекари и занаетчии), кога на тие лица доставувањето се врши во врска со таа дејност.

Ако на одредени лица, врз основа на нивно барање и одобрение од претседателот на судот, доставувањето им се врши во судот, писмената кои им ги упатува судот се оставаат за нив во посебен преградок во определена просторија на судот. Доставувањето го врши службено лице на судот. Писмената кои се доставуваат преку поштенски фахови не смеат да бидат достапни на лицата на кои им се доставуваат пред да ја потпишат доставницата. Писмената се доставуваат во затворени пликови, во кои доставувањето се врши преку пошта. При преземањето на писменото мора да се преземат и сите писмена оставени во поштенскиот фах.

На секое писмено кое се доставува на начин предвиден во став 3 од овој член ќе се назначи денот кога тоа е оставено во поштенскиот фах на лицето на кое доставувањето на таков начин му се врши. Ако писменото не биде подигнато во рок од осум дена, ќе се смета дека доставувањето е уредно извршено.

Кога со овој закон е предвидено доставувањето или било кое друго дејствие да се врши преку нотар доставувањето, односно дејствијата се вршат така што

нотарот, на барање на овластено лице или орган, по пат на пошта или непосредно, го доставува писменото и за тоа составува записник, а до судот ќе достави заверен препис од него."

Член 2

Во членот 7 ставовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 се менуваат и гласат:

"Против решението за извршување врз основа на веродостојна исправа може да се изјави приговор.

Жалбата од став 1 на овој член се изјавува во рок од осум дена од денот на доставувањето на првостепеното решение, ако со овој закон поинаку не е определено.

Решението со кое жалбата се одбива и првостепеното решение потврдува или со кое првостепеното решение се преиначува е правосилно.

Против заклучокот не е дозволен правен лек, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

Ако против решението е дозволена жалба судот, ако не постапи според член 48 став 1 од овој закон, ќе го умножи списот (поднесокот) и преписот од списот (поднесокот) со жалбата ќе му го достави на второстепениот суд.

Жалбата од ставовите 1 и 5 на овој член не го одлага спроведувањето на извршувањето, ако со овој закон поинаку не е определено."

Член 3

Во членот И по зборот "закон" се брише точката и се додаваат зборовите: "или меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот.".

Член 4

Во членот 14 став 1 точка 7 по зборовите: "вработен во судот" се додаваат зборовите: "или лице овластено од судот".

Член 5

Во Дел втори раздел први Глава прва по насловот "уводни **одредби"** се додава нов наслов и нов член 14-а, кои гласат:

**" Основи за дозволување на извршување**

Член 14-а

Судот дозволува извршување само врз основа на извршна или веродостојна исправа, ако со овој закон поинаку не е определено."

Член 6

Во членот 15 точка 2) по зборот "обврска" се става точка и запирка, а сврзникот "и" се брише.

По точката 2) се додава нова точка 3), која гласи:

"3) извршна нотарска исправа;".

Точката 3) станува точка 4)

Член 7

Во, членот 18 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"Врз основа на порамнување кое станало извршно во еден дел, извршувањето може да се дозволи само во тој дел."

Член 8

По членот 18 се додава нов наслов и нов член 18-а, кои гласат:

**"Извршност на нотарска исправа**

Член 18-а

Нотарската исправа е извршна исправа, ако станала извршна според посебен пропис кој ја уредува извршноста на таквата исправа.

Врз основа на нотарска исправа која станала извршна во еден дел, извршувањето може да се дозволи само во тој дел."

Член 9

Во членот 21 став I зборовите: "на правно лице" се бришат.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Веродостојната исправа е подобна за извршување, ако во неа се назначени доверителот и должникот, како и предметот, видот, обемот и времето на исполнувањето на обврската."

Ставот 3 станува став 4.

Член 10

По членот 28 се додава нов наслов и нов член 28-а, кои гласат:

**" Доказна изјава и доказен попис на имотот**

Член 28-а

Ако предметите за чие предавање или испорака се води извршување не се пронајдени кај должникот, должникот мора, на предлог на доверителот, да даде пред судот доказна изјава за тоа каде тие се наоѓаат, односно дека ги нема или не знае каде се наоѓаат.

Ако извршувањето за наплата на парични побарувања останало без успех затоа што кај должникот не се најдени предмети на кои би можело да се спроведе извршување, или затоа што се најдени такви предмети кои очигледно не се доволни за намирување со оглед на нивната незначителна вредност, или предмети кои веќе се оптоварени со заложно право на трети лица, или предмети кои други лица ги бараат за себе, должникот мора, на предлог на доверителот, да му поднесе на судот доказен попис на својот имот.

Доказниот попис од став 2 на овој член должникот е должен да го направи и да му го предаде на судот во рокот кој судот ќе му го определи со решението од став 8 на овој член во два примерока со соодветни прилози.

Во пописот од став 2 на овој член должникот мора да назначи:

1) каде се наоѓаат одделни предмети кои го сочинуваат неговиот имот;

2) каде се наоѓаат и кому му припаѓаат туѓи предмети на кои тој има одредени имотни права;

3) према кого има некакво парично или некое друго побарување;

4^ кои други права го сочинуваат неговиот имот;

5) дали има на сметките парични средства и кај кого;

6) дали прима плата или пензија и од кого, односно дали има други постојани или повремени приходи и кои се тие и

7) дали има некаков друг имот.

Во пописот од став 2 на овој член, должникот мора да наведе и податоци за правната и фактичката основа на неговите права во однос на секој дел на имотот од став 4 на овој член, како и за доказите, особено исправите со кои тие можат да се поткрепат. Ако биде потребно судот може да побара од должникот да даде и други податоци врз основа на кои би можело да се пронајде имотот.

За изјавите од ставовите 1 и 2 на овој член, кои ќе ги потпише пред судот, должникот ќе потврди дека податоците кои ги дал се точни и целосни и дека ништо од својот имот не сокрил.

Министерот за правда ќе пропише образец на изјава од ставовите 1 и 2 на овој член.

За предлогот за давање доказна изјава и доказен попис на имотот, одлучува судот со решение со кое на должникот ќе му се изрече условна парична казна ако не постапи во согласност со налогот на судот.

Доказната изјава се дава јавно на рочиште пред судот.

Рочиштето пред судот ќе се одржи и заради расправање и потврдување на доказниот попис на имотот.

На јавното рочиште од ставовите 9 и 10 на овој член, се повикуваат должникот и доверителот, а огласот за рочиштето се објавува на огласна табла на судот. За тие рочишта се составува записник.

Ако должникот не дојде на рочиштата од ставовите 9 и 10 на овој член, без особено оправдана причина или ако одбие да даде доказна изјава или доказен по-

пие на имотот, судот ќе му изрече парична казна и ќе му се закани со нови парични казни кои ќе се изрекуваат се додека должникот не постапи по налогот на судот.

Одредбите од ставовите 1 до 12 на овој член на соодветен начин се применуваат и спрема одговорните лица во правното лице кога должникот е правно лице.

Заради собирање на податоци за имотот судот може, на предлог на доверителот, да сослуша и други лица како сведоци, односно да побара изјаснување од други лица и органи.

Ако доверителот ја направи веројатна околноста дека во меѓувреме состојбата на работите битно се изменила, судот може повторно да му наложи на должникот давање на доказна изјава, односно доказен попис на имотот согласно со овој член.

За давање неточни или нецелосни доказни изјави и доказен попис на имотот, должникот и одговорните лица во правното лице кога должникот е правно лице одговараат како за давање на лажен исказ во постапка пред судот.

Лицата и органите од став 14 на овој член одговараат за давање на неточни или нецелосни изјави како за лажен исказ во постапка пред судот.

Паричната казна се изрекува според одредбите на овој закон за извршување на дејствие што може да го изврши само должникот."

Член И

Во членот 38 став 1 по зборовите: "обврската на должникот" се додаваат зборовите: "која произлегува од извршната, односно веродостојната исправа,".

Во ставот 2 се додава нова реченица, која гласи:

"Решението за извршување врз основа на веродостојна исправа со кое се уважува предлогот за извршување не мора да биде образложено и може да се издаде со ставање на штембил на предлогот за извршување."

Член 12

Во членот 39 ставот 2 се менува и гласи:

"Решението за извршување врз парично побарување донесено врз основа на извршна исправа се доставува и до должниковиот должник ако таков постои, а решението за извршување врз средствата на сметката на должникот донесено врз основа на извршна исправа се доставува пред правосилноста и до единицата на носителот на платниот промет кај кој се водат тие средства, како и кај други лица и органи кога тоа е потребно за спроведување на извршувањето."

Член 13

Насловот под Глава четврта **"Приговор од должникот против решението за извршување"** и поднасловот **"Приговор како исклучителен правен лек"**, како и членот 47 се менуваат и гласат:

**"Правни лекови на должникот и доверителот против решението за извршување**

**1. Правни лекови против решението за извршување донесено врз извршна исправа**

**Жалба**

Член 47

Против решението за извршување должникот може да изјави жалба во рок од осум дена, ако со овој закон поинаку не е определено.

Должникот може да изјави жалба особено ако:

1) исправата врз основа на која е донесено решението за извршување не е извршна исправа;

2) извршната исправа не стекнала својство на извршност;

3) извршната исправа врз основа на која е донесено решението за извршување е укината, поништена, преиначена или на друг начин ставена вон сила, односно ако на друг начин ја изгубила својата важност или е утврдено дека е без важност;

4) странките со јавна или по законот заверена исправа составена по настанувањето на извршната исправа, се договориле доверителот да нема врз основа на извршната исправа трајно или за одредено време да бара извршување;

5) поминал рокот во кој според законот може да се бара извршување;

6) извршувањето е определено на предмети кои се иземени од извршување, односно на предмети на кои извршувањето е ограничено;

7) доверителот не е овластен да бара извршување врз основа на извршна исправа, односно ако не е овластен врз основа на неа да бара извршување против должникот;

8) не е исполнет условот кој е определен со извршната исправа, освен ако со закон поинаку не е пропишано;

9) побарувањето престанало врз основа на факт кој настанал во време кога должникот повеќе не можел успешно да го истакнува во постапката од која потекнува одлуката, односно ако побарувањето престанало врз основа на факт кој настанал по склучување на судска или управна спогодба или по составување на нотарска исправа;

10) врз основа на факт кој настанал во време кога должникот не можел повеќе да го истакнува во постапката од која потекнува одлуката, односно ако врз основа на факт кој настанал по склучување на судска или управна спогодба или по составување на нотарска исправа, трајно или за одредено време е одложено, забрането, изменето или на друг начин е оневозможено исполнувањето на побарувањето и

И) настапило застарувањеБа побарувањето за кое е одлучено со извршната исправа.

По жалбата од став 2 на овој член судот внимава по службена должност на:

1) околностите од став 2 точки 1, 3 и 5 на овој член;

2) околноста кога во случајот од став 2 точка 6 на овој член извршувањето е определено на предмети кои не се во промет, како и на други предмети за кои со посебен закон тоа е определено, како и на побарувања по основа на даноци и

3) околноста кога во случаите од став 2 точка 10 на овој член е забрането исполнување на побарувањето.

Доверителот може да го побива решението за извршување со жалба ако со тоа решение е пречекорено неговото барање или поради одлуката за трошоците.

Жалбата на должникот против решението за извршување не го одлага спроведувањето на извршувањето, освен ако со овој закон поинаку не е определено."

Член 14

Насловот "Надлежност" и членот 48 се менуваат и гласат:

"Одлучување по жалба %

Член 48

По жалбата против решението за извршување првостепениот суд е овластен жалбата да ја уважи ако оцени дека таа е основана, во целост или делумно, донесеното решение за извршување да го преиначи и барањето за извршување да го одбие, или да го укине решението за извршување и предлогот за извршување да го отфрли, или да се прогласи за ненадлежен и предметот да му го отстапи на надлежниот суд, освен ако со овој закон поинаку не е определено. Во тој случај првостепениот суд ќе ги укине спроведените дејствија.

Ако оцени дека жалбата е неоснована, првостепениот суд ќе го отстапи предметот на второстепениот суд (член 7 став 7).

За проверка на основаноста на наводите на жалбата, првостепениот суд може, по потреба, да ги сослуша странките и другите учесници и да спроведе други извиди.

Против решението од став 1 на овој член дозволена е жалба по која првостепениот суд ги нема овластувањата кои произлегуваат од став 1 на овој член.

Основаноста на жалбата се оценува со оглед на состојбата на работите во времето на одлучување по жалбата.“

Член 15 \

Насловот **"Причини за приговор“** и членот **49** се менуваат и гласат:

**"Упатување на парница по повод жалба**

Член 49

Ако жалбата е изјавена од причините од член 47 став 2 точки 7 и 9 до 11 на овој закон, првостепениот суд жалбата ќе му ја достави на доверителот за одговор во рок од осум дена. Ако доверителот ја оспори основаноста на тќе причини, односно ако не одговори во рок од осум дена, првостепениот суд ќе ја уважи жалбата ако должникот ја докаже нејзината основаност со јавна или заверена приватна исправа, односно ако фактите на кои почива се општопознати или можат да се утврдат со примена на правилата за законските претпоставки. Во спротивно првостепениот суд ќе донесе посебно решение со кое должникот ќе го упати во рок од 15 дена да поведе парница за прогласување на извршувањето за недопуштено.

На парницата од став 1 на овој член на соодветен начин се применуваат правилата за парницата на која должникот се упатува по повод жалбата по истекот на рокот.

Околноста што должникот е упатен на парница од став 1 на овој член или дека неа ја покренал не го спречува спроведувањето на извршувањето и остварувањето на доверителовото побарување, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

Ако е изјавена жалба и заради други причини од член 47 став 2 на овој закон, првостепениот суд, ако смета дека жалбата од тие други причини не е основана, ќе го достави без одлагање преписот на списите на второстепениот суд за одлучување по жалбата и по тие други причини (член 7 став 7).

Ако должникот изјави жалба против решението за упатување на парница, првостепениот суд таа жалба ќе ја достави до второстепениот суд за заедничко одлучување по таа жалба и жалбата против решението за извршување.“

Член 16

Насловот **"Приговор по истекот на рокот“** и членот 50 се менуваат и гласат:

**"Жалба по истекот на рокот**

Член 50

Од причините наведени во член 47 став 2 точки 7 и 9 до 11 на овој закон должникот може да поднесе жалба против решението за извршување и по неговата правосилност, ако во натамошните одредби од овој член поинаку не е определено, под услов таа причина да не можела, поради особено оправдана причина, да биде истакната подоцна во жалбата против решението од член 47 став 2 на овој закон.

Жалбата од став 1 на овој член може да се поднесе се до завршувањето на извршната постапка.

Должникот е должен во жалбата од став 1 на овој член да ги истакне сите причини наведени во таа одредба поради што не можел да ја истакне во време на нејзиното поднесување.

Причините за жалба кои поради особено оправдани причини не можел да ги истакне во жалбата од член 47 став 2 на овој закон, односно во жалбата од став 1 на овој член, должникот е должен да ги истакне со посебен поднесок наместо жалба во постапката по повод тие жалби до донесување на решението за упатување на парница, а потоа во парницата на која е упатен.

Ако должникот не поведе парница на која е упатен, причините кои без особена оправдана причина ги пропуштил да ги истакне во тужбата до истекот на рокот за покренување на парницата, нема да може да ги истакне во нова жалба или во нова парница на која би можел да биде упатен.

За причините кои не може повеќе да ги истакнува во парница на која бил упатен заради истекот на рокот на нејзиното покренување, односно во парница која ја покренал, должникот може да изјави нова жалба ако од особено оправдани причини не можел да ги истакне пред тоа.

Жалбата во која се истакнати само причините кои должникот ги пропуштил без особено оправдана причина да ги истакне во жалба од член 47 став 2 на овој закон, односно на начин предвиден во одредбите на ставовите 3 и 4 од овој член, судот ќе ја отфрли, а причините кои не ги истакнал навреме во смисла на одредбата од ставовите 3 до 5 на овој член нема да ги земе предвид при одлучување за жалбата или тужбата.

Поднесувањето на жалба од став 1 на овој член не го спречува спроведувањето на извршувањето и остварувањето на должниковото побарување, освен ако со овој закон поинаку не е определено.“

Член 17

Насловот **"Одговор на приговорот“** и членот 51 се менуваат и гласат:

**" Одговор на жалба**

Член 51

Жалбата од член 50 на овој закон се доставува без одлагање на доверителот, кој може да даде одговор во рок од осум дена."

Член 18

Насловот **"Решение** за **приговор“** и членот 52 се менуваат и гласат:

**"Решение на жалба**

Член 52

Кога ќе го прими одговорот за жалба или кога ќе истече рокот за одговор, судот во зависност од околностите на случајот, ќе закаже рочиште за расправање по жалбата или ќе донесе решение без определување на рочиште, освен во случаите од член 53 на овој закон.

Со решението за жалба, судот жалбата ќе ја отфрли или уважи освен во случаите од член 53 на овој закон. Ако жалбата ја уважи, првостепениот суд ќе ги укине спроведените дејствија и ќе го запре извршувањето.

Основаноста на жалбата се оценува со оглед на состојбата на работите во време на одлучување за жалбата.“

Член 19

Насловот **"Упатување на парница или друга постапка“ и** членот 53 се менуваат **и** гласат:

**"Упатување на парница или** друга **постапка по повод жалба**

Член 53

Ако решението за жалба од член 50 став 1 на овој закон зависи од утврдувањето на некој спорен факт, судот ќе го упати должникот во рок од 15 дена да поведе парница за прогласување на извршувањето за недопуштено, освен ако должникот основаноста на својата жалба не ја докаже со јавна или заверена приватна исправа, односно ако основаноста на жалбата не произлегува од општопознати факти или од факти кои можат да се утврдат со примена на правилата за законските претпоставки.

Ако должникот ја докажува основаноста на својата жалба со јавна или заверена приватна исправа, од-

носно ако основаноста на жалбата произлегува од општопознати факти или од факти кои можат да се утврдат со примена на правилата за законските претпоставки, судот за основаноста на жалбата ќе одлучи во извршна постапка. Ако жалбата ја уважи ќе постапи во смисла на одредбите од член 52 на овој закон, а ако не ја уважи, ќе го упати должникот на парница.

Должникот е должен сите причини за жалба што можел да ги истакне во одредена парница да ги истакне во таа парница (член 50 ставови 4 до 7).

Ако должникот не постапи во согласност со одредбата од став 3 на овој член, судот ќе ја отфрли тужбата во која ќе ги истакне причините кои должникот можел да ги истакне во поранешната парница.

Ако со правосилна пресуда е утврдено дека извршувањето не е допуштено, судот надлежен да одлучува по жалбата, на предлог на должникот, ќе ги укине спроведените дејствија и ќе го запре извршувањето.

Ако извршувањето врз основа на решение за извршување против кое е поднесна жалба од член 50 став 1 на овој закон ќе биде спроведено пред да се заврши првостепената постапка во парницата на која должникот бил упатен, должникот може до завршувањето на таа постапка, без согласност на доверителот како тужен, да ја преиначи тужбата, така што ќе побара од судот да го осуди доверителот да му го врати она што го добил со извршувањето и да му ја надомести штетата која поради тоа ја претрпел, вклучувајќи ги и трошоците на извршувањето во кое доверителот го остварил своето побарување.

Должникот може своето право на надомест на штета кое го претрпел затоа што против него е спроведено недопуштено извршување да го остварува во посебна парница.“

Член 20

Во Дел втори раздел први Глава четврта пред насловот "Приговор против решението врз основа на веродостојна исправа“ се додава нов наслов, кој гласи: **"2. Правни лекови против решението за извршување врз основа на веродостојна исправа“** и членот 54 се менуваат и гласат:

**"2. Правни лекови против решението за извршување врз основа на веродостојна исправа**

**Приговор против решението врз основа на веродостојна исправа**

Член 54

Против решението за извршување врз основа на веродостојна исправа, должникот може да поднесе приговор во рок од осум дена, а во меничните и чековните спорови во рок од три дена, освен ако не се побива само одлуката за трошоците на постапката. Поради причините од кои според одредбите од член 47 на овој закон решението за извршување може да се побива со жалба, должникот може да го побива решението за извршување врз основа на веродостојна исправа, во делот во кој со тоа е одлучено за извршување само со приговор.

Против делот на решението за извршување врз основа на веродостојна исправа со кое е одлучено за извршување, по истекот на рокот за приговор, должникот може да поднесе приговор од причините наведени во член 50 став 1 од овој закон, ако тој приговор е заснован на факт кој настанал по донесувањето на решението за извршување.

На приговорот од став 2 на овој член кој се поднесува по истекот на рокот на соодветен начин се применуваат одредбите од членовите 50 до 53 на овој закон. "

Член 21

Во насловот **"Постапка по приговорот против решението врз основа на веродостојна исправа“** по зборот "решението“ се додаваат зборовите: "за извршување“.

Во членот 55 ставот 3 се менува и гласи:

"Ако решението за извршување се побива само во делот во кој е дозволено извршување, натамошната постапка ќе продолжи како постапка по жалба против решението за извршување донесено врз основа на извршна исправа."

Ставот 5 се менува и гласи:

"Приговорот против решението за извршување мора да биде образложен."

Член 22

Во членот 57 став 1 на крајот од реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "освен ако подносителот не ја докажува оправданоста на својот приговор со правосилна пресуда или со друга јавна исправа или заверена приватна исправа, односно ако фактите на кои се заснова приговорот на третото лице не се општопознати или можат да се утврдат со примена на правилата за законските претпоставки“.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Ако подносителот на приговорот ја докажува неговата оправданост со правосилна пресуда, со јавна или заверена приватна исправа, односно ако фактите на кои се заснова приговорот се општопознати или можат да се утвдат врз основа на правилата на законските претпоставки, судот за приговорот ќе одлучи во извршната постапка."

Ставовите 2, 3 и 4, стануваат ставови 3, 4 и 5.

Член 23

Во членот 58 ставот 3 се менува и гласи:

"Лицето од став 1 на овој член на кое му е оспорен делот во предметот што е предмет на извршување, судот ќе го упати на парница да го утврди својот дел со тужба против доверителот, а и против должникот, ако и тој му го оспорува неговото право, освен ако во извршна постапка не може да го докаже своето право со правосилна пресуда, јавна или приватна исправа која е изедначена со јавна исправа."

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

"Ако лицето од став 1 на овој член може да го докаже своето право со правосилна пресуда, јавна или приватна исправа која е изедначена со јавна исправа, судот ќе постапи како неговото право да не е оспорено.

Околноста што судот во извршна постапка земал дека правото на лицето од став 1 на овој член'не е оспорено во смисла на одредбите од ставовите 3 и 4 на овој член не влијае на правото на доверителот или должникот, своите права против тоа лице да ги остваруваат во посебна парница."

Ставот 4 станува став 6.

Член 24

Во членот 63 став 1 точката 6) се менува и гласи:

"6) должникот против решението за извршување изјавил жалба или поднел приговор, односно тужба;“.

Член 25

Во членот 80 ставот 4 се менува и гласи:

" Странката може во рок од осум дена од денот на извршената процена, да му предложи на судот со заклучок да утврди пониска, односно повисока вредност на попишаните предмети од процената или да определи нова процена."

Ставот 5 се брише.

Член 26

Во Дел втори раздел втори по Глава десетта се додава нова Глава десетта-А која гласи: **"Извршување на акции за кои не е издадена исправа за акциите и извршување на удел во трговско друштво“** и се додаваат пет нови поднаслови и пет нови члена 137-а, 137-б, 137-в, 137-г и 137-д, кои гласат:

**'Глава десетта-А**

**Извршување на акции за кои не е издадена исправа за акциите и извршување на удел во трговско друштво**

**Месна надлежност**

Член 137-а

За одлучување за предлогот за извршување на акции за кои не е издадена исправа за акциите, односно уделите во трговско друштво и за спроведување на тоа извршување месно е надлежен судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на акционерското друштво, односно на друго трговско друштво.

**Извршни дејствија**

Член 137-б

На акциите за кои не е издадена исправа за акциите, извршувањето се спроведува со запленување на акциите, нивна процена и продажба и намирување на доверителот.

На уделот во трговско друштво, извршувањето се спроведува со запленување на уделот, негова процена и продажба, и намирување на доверителот.

**Запленување на акции**

Член 137-в

Запленување на акции за кои не е издадена исправа за акциите се врши со доставување на решение за извршување на акционерското друштво кое води книга за таквите акции. Со запленувањето доверителот стекнува заложно право на акциите.

Акционерското друштво од став 1 на овој член должно е во книгата на акциите да запише дека акциите кои гласат на име се запленети истиот ден кога на акционерското друштво му е доставено решението за извршување. Тоа е должно без одлагање да го извести судот за извршениот упис, односно за причините поради кои не било во можност да го изврши. Акционерското друштво нема право на жалба против решението за извршување.

По доставувањето на решението за извршување, акционерското друштво од став 1 на овој член не смее во однос на запленетите акции да врши во книгата на акциите никакви уписи врз основа на располагања на должникот. Тоа е должно без одлагање да го извести судот за секоја промена во поглед на запленетите акции, особено за присилното извршување за наплата на друго побарување или за обезбедување на такво побарување.

Акционерското друштво од став 1 на овој член одговара за штетата која доверителот би можел да ја претрпи, поради тоа што тоа не постапило во согласност со одредбите од ставовите 2 и 3 на овој член. За штетата особено одговараат и членовите на управата, како и другите одговорни лица во акционерското друштво. Во решението за извршување ќе се внесе предупредувањето за одговорноста на акционерското друштво, членовите на управата, и другите одговорни лица во акционерското друштво. Доверителот може до завршување на извршната постапка да побара од судот во таа постапка да одлучи за неговото барање за надомест на штета. Врз основа на правосилното решение за барање за надомест на штета, доверителот може против акционерското друштво, членовите на неговата управа и другите одговорни лица да бара присилно извршување. По завршувањето на извршната постапка, доверителот може своето право на надомест на штета да го остварува со тужба.

Ако смета за потребно судот, на предлог од доверителот, на акционерското друштво и членовите на неговата управа, ќе им се закани со парична казна доколку тие не постапат во согласност со одредбите од ставовите 2 и 3 на овој член.

На должникот му е забрането да располага со запленетите акции. Предупредувањето за таа забрана ќе се внесе во решението за извршување.

Одредбите од член 98 на овој закон на соодветен начин се применуваат и на извршување на акции за кои не е издадена исправа за акциите. -

Судот може со заклучок да му нареди на акционерското друштво да му овозможи на судскиот извршител увид во книгата на акциите и во другите исправи на друштвото. Против акционерското друштво, членовите на управата и другите одговорни лица кои го спречуваат или оневозможуваат судското извршување, можат да се изречат парични казни предвидени со овој закон. Судот е должен да ги преземе потребните мерки со цел да се сочува тајнрста на прибавените податоци, според правилата за чување на деловна тајна.

Паричната казна се изрекува според одредбите на овој закон за извршување на дејствие што може да го изврши само должникот.

**Процена и продажба на акциите и намирување на доверителот**

Член 137-г

Запленетите акции можат да се продадат на јавна продажба или со непосредна спогодба. Со непосредна спогодба акциите ги продава судскиот извршител или лице овластено за продажба на акции на кое судот му ја доверил продажбата. Судскиот извршител и лицето овластено за продажба на акции склучуваат договор за продажба на акциите во име на должникот, врз основа на заклучок на судот кој на тоа ги овластил.

Ако акциите се продадат на јавна продажба или со непосредна спогодба, тие претходно мора да бидат проценети. Судскиот извршител ја утврдува пазарната вредност на акциите со вештак или со овластен проценител. Лице овластено за продажба на акции на кого му е доверена продажбата на акциите само ја утврдува цената по која акциите ќе ги продаде, водејќи сметка за пазарните услови.

Процената, утврдувањето на продажната цена и продажбата на акциите, како и намирувањето на доверителот се вршат со соодветна примена на одредбите на овој закон за извршување на подвижни предмети.

**Извршување на удел во трговско друштво**

Член 137-д

Одредбите од членовите 137-в и 137-г на овој закон на соодветен начин се применуваат и на извршувањето на уделот во трговско друштво."

Член 27

Насловот **"Станарско право"** пред членот 149 и членот 149 се бришат.

Член 28

Во членот 150 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

"Договорите за закуп склучени по поднесување на предлогот за извршување со продажба на предметната недвижност не произведуваат правно дејство. Во таков случај закупецот е должен станбената зграда или станот, деловната зграда или деловната просторија да ги испразни веднаш.

Ако закупецот не постапи согласно со став 3 од овој член и не ја испразни станбената зграда или станот, деловната зграда или деловната просторија, судот на предлог од купувачот ќе го изврши испразнувањето според одредбите за испразнување и предавање на недвижности (членови 213 - 216)."

Член 29

Насловот **"Решение за утврдување на вредноста"** пред членот 154 и членот 1з4 се менуваат и гласат:

**"Заклучок за утврдување на вредноста**

Член 154

Вредноста на недвижноста судот ја утврдува со заклучок во рок од осум дена по приемот на процената од вештото лице.

Против заклучокот од став 1 на овој член, жалба може да изјави покрај должникот и секое лице кое има право да се намири од продажната цена на недвижноста.

По жалбата од став 2 на овој член одлучува советот на првостепениот суд во рок од осум дена.“

Член 30

Во членот 156 став 1 зборот "решението" се заменува со зборот " заклучокот".

Член 31

Во членот 214 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Извршувањето од став 1 на овој член се спроведува спрема сите лица и предмети затекнати на недвижноста во моментот на спроведувањето на извршувањето. "

Ставот 2 станува став 3.

Член 32 '

Во членот 219 став 2 износот "4.500,00" се заменува со износот "20.000,00", а износот "15.000,00" се заменува со износот "80.000,00", а на крајот точката се брише и се додаваат зборовите: "и на одговорното лице во правното лице до 20.000,00 денари“.

По ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

"Ако паричната казна не може да се изврши, судот пред кој се води извршната постапка, истата ќе ја замени со казна затвор според правилата кои важат во казненото право."

Ставот 6 станува став 7.

Член 33

Во Дел трети по Глава дваесет и трета се додава нова Глава дваесет и трета-А која гласи **"Обезбедување со пренос на сопственост на** предмети и **пренос на права“** и се додаваат и шест нови поднаслови и шест нови члена 252-а, 252-б, 252-в, 252-г, 252-д и 252-ѓ, кои гласат:

**'Глава дваесет и трета-А**

**Обезбедување со пренос на сопственост на предмети и пренос на права**

**Месна надлежност**

Член 252-а

Месно надлежен суд за одлучување за предлогот за обезбедување на парично побарување со пренос на сопственост на предмети и пренос на права се определува со соодветна примена на одредбите од овој закон за месната надлежност на судот во извршните постапки за остварување на парични побарувања на одделни видови предмети за извршување.

**Обезбедување со пренос на сопственост и пренос на права**

Член 252-б

Едната или двете странки можат да бараат од судот да определи рочиште и на тоа рочиште во записник да ја внесе нивната спогодба за обезбедување на парично побарување на доверителот, со која му ја пренесува на доверителот сопственоста на некој предмет од должникот или за таа цел на доверителот ќе му пренесе некое право од должникот. Во договорот треба да се внесе одредба за тоа кога обезбеденото побарување ќе пристигне, односно како нејзиното пристигнување ќе се определи. Должникот може да биде и лице спрема кое доверителот нема побарување кое се обезбедува.

Спогодбата од став 1 на овој член може да се однесува и на обезбедување на непарични побарувања, но во тој случај во спогодбата мора да биде одредена паричната противвредност на тоа побарување. По пристигнувањето на непаричното побарување доверителот може да избира дали сака да бара извршување за присилно намирување на непаричното побарување или по одредбите од оваа глава да го оствари своето право како преносот на сопственост на предметите или преносот на правата да е извршен заради обезбедување на паричната противвредност на непаричното побарување.

Записникот од став 1 на овој член има дејство на судско порамнување.

Ако со спогодбата од став 1 на овој член се пренесува право на сопственост на недвижности запишани во јавна книга, спогодбата треба да содржи и изјава на должникот за тоа дека е согласен непосредно, врз основа на спогодбата да може во јавната книга да се изврши тој пренос.

Врз основа на записникот од став 1 на овој член и изјавата на должникот од став 4 на овој член, странките можат да бараат пренос на правото на сопственост на недвижноста запишана во јавната книга со забелешка дека преносот е извршен заради обезбедување.

Доверителот станува сопственик на недвижноста која не е запишана во јавна книга, односно на подвижните предмети со потпишување на записникот од став 1 на овој член.

Во записникот од став 1 на овој член може да се внесе и изјава на должникот дека е согласен доверителот да може непосредно врз основа на тој записник против него да побара присилно извршување заради предавање на недвижности, односно подвижни предмети во владение по пристигнувањето на обезбеденото побарување. Записникот кој содржи таква изјава е извршна исправа.

Ќе се смета дека преносот на правото е извршен со потпишување на записникот од став 1 на овој член.

За преносот на сопственоста на недвижностите кои не се запишани во јавна книга и на подвижните предмети, како и за преносот на правата ќе се објави оглас во "Службен весник на Република Македонија“, во кој ќе се назначи судот кој го објавува огласот, бројот на предметот, странките, недвижностите или подвижните предмети на кои е пренесено правото на сопственост, односно правата кои се пренесени, како и известувањето дека преносот е. извршен заради обезбедување. Недвижностите, подвижните предмети, односно правата ќе се означат така што без тешкотии ќе може да се утврди нивната истоветност.

**Други дејства на преносот**

Член 252-в

Ако со спогодбата од член 252-б став 1 на овој закон поинаку не е определено, должникот е овластен и понатаму да го користи предметот чија сопственост е пренесена на доверителот, а доверителот не е овластен предметот да го оттуѓи ниту оптовари.

Ако доверителот го оттуѓи или оптовари предметот иако за тоа не е овластен, со спогодбата од член 252-б став 1 на овој закон, таквото оттуѓување или оптоварување е полноважно, но доверителот му одговара на должникот за штетата која со тоа му е причинета.

Ако во случајот од став 2 на овој член доверителот оттуѓи предмет, должен е да го плати данокот на промет за преносот на правото на сопственост на предметите од должникот на него. Рокот за плаќање на данокот се смета од денот на оттуѓување на предметот.

Ако со спогодбата од член 252-б став 1 на овој закон поинаку не е определено, доверителот е должен: -

1) да презема мерки потребни за зачувување на пренесеното побарување;

2) да ги наплати каматите или било кои други повремени побарувања. Така, наплатените износи се пребиваат со трошоците за кои доверителот има право на надомест, потоа со каматите кои му се должат, а потоа со главнината и

3) да го наплати пренесеното побарување, односно да го прими исполнувањето откако ќе пристигне. Со исполнувањето на пренесеното побарување, доверите-

лот стекнува сопственост на предметите со предавањето со кое побарувањето е исполнето. Ако предметот на пренесеното побарување се пари, доверителот е должен, на барање на должникот да го даде наплатениот износ кај судот или кај нотар, или ако неговото обезбедување на побарувањето е веќе пристигнато, доверителот може да го задржи долгуваниот износ на пари, а другиот да го предаде на должникот.

Ако со спогодбата од став 1 на овој член поинаку не е определено, доверителот не е овластен да го оттуѓи ниту да го оптерети пренесеното право. Ако сепак тој правото го оттуѓи или оптовари, таквото оттуѓување или оптоварување е валидно, но доверителот одговара за штетата која со тоа му ја причинил на должникот. Доверителот кој ќе оттуѓи право за кое тој не е овластен со спогодбата од став 1 на овој член, должен е да го плати данокот на промет за пренос на правото од должникот на него, ако за тоа таков данок се плаќа.

Должникот на побарувањето кое е пренесено на доверителот заради обезбедување може на доверителот да му ги истакне приговорите кои во случај на отстапување на побарувањето должникот на тоа побарување би можел да ги истакне на примателот.

На преносот на сопственоста која има за цел обезбедување и на враќањето на сопственоста по намирување на побарувањето на доверителот не се применуваат прописите за данокот за промет на недвижности, односно подвижни предмети. Истото ова важи и за преносот и враќањето на правото.

Околноста за оттуѓените или оптоварените предмети или права на кои доверителот не бил правно овластен, не Ја исклучува казнената одговорност на доверителот кој е физичко лице или одговорно лице во правно лице на доверителот заради изигрување на довербата.

**Право на враќање на сопственоста односно правото - излачно право**

Член 252-г

Ако должникот во рокот ја исполнил својата обврска спрема доверителот, доверителот е должен, без одлагање, да му го врати правото на сопственост на предметите или да му го пренесе назад стекнатото право.

Во случај на присилно извршување или стечај против доверителот, должникот има излачно право на предметите и правата кои ги пренел на доверителот заради обезбедување, освен ако извршувањето не се спроведува заради остварување на побарување на трето лице спрема доверителот кое доверителот го обезбедил со засновање на заложно право на пренесените предмети или права.

**Право на доверителот во случај на задоцнување на должникот**

Член 252-д

Ако должникот задоцни со исполнување на обезбеденото побарување, доверителот е овластен да побара од должникот, преку нотар, во рок од 15 дена да го извести и да бара предметот на кој е пренесено право на сопственост да се продаде или пренесеното право да се претвори во пари со посредство на нотар.

Во известувањето од став 1 на овој член должникот е должен да ја определи најниската цена по која предметот може да се продаде, односно правото да се упаричи, да го именува нотарот кој ќе ја изврши продажбата на предметите, односно упаричувањето на правото и да ја приложи неговата изјава дека е согласен да се изврши продажба, односно упаричување, како и дека е согласен да ги авансира трошоците на продажбата или упаричувањето и дека е согласен од износот добиен при продажбата, односно упаричувањето, претходно да се намири побарувањето на доверителот со каматите и трошоците, како и данокот на промет. Најниската цена која што ја определил должникот не смее да биде пониска од обезбеденото побарување, зголемена за каматите и трошоците на доверителот кои се предвидени, а ќе пристигнат, односно настанат до истекот на рокот до кој нотарот мора да го продаде предметот или упаричи правото, како и за предвидениот данок на промет.

Откако ќе го прими известувањето-со прилозите од став 2 на овој член, доверителот е должен во рок од 15 дена да го овласти нотарот од став 2 на овој член да го продаде предметот или да го упаричи правото, во согласност со условите определени во известувањето од должникот. Доверителот е должен да ги преземе сите други дејствија на барање на нотарот со кои се овозможува разгледување на предметите односно запознавање со содржината на правото. Во спротивно му одговара на должникот за штета.

Ако нотарот не успее предметот да го продаде, односно правото да го упаричи во рок од три месеци од денот кога доверителот за тоа го овластил, ќе се смета дека должникот се одрекол од правото да бара продажба на предметите, односно упаричување на правото.

Ако должникот не постапи согласно со одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член, односно ако нотарот не успее предметите да ги продаде или правото да го упаричи во согласност со одредбите од став 4 на овој член, ќе се смета дека доверителот станал полноважен сопственик на предметите, односно полноважен имател на правата кои на него се пренесени, за цената која одговара на износот на обезбеденото побарување со каматите и трошоците, како и данокот на промет, освен ако доверителот во рок од 15 дена по истекот на рокот од став 1 на овој член не го извести преку нотарот должникот дека не сака да ги задржи предметите, односно правото наместо исплатата на обезбеденото побарување.

Ако во случајот од став 5 на овој член доверителот стане сопственик на предметите, односно имател на правото, обезбеденото побарување се смета за намирено кога доверителот ќе стане сопственик, односно имател на правото.

Ако доверителот го извести должникот дека не сака да ги задржи предметите или правото наместо исплата на обезбеденото побарување, овластен е своето побарување против должникот да го остварува независно од овластувањата кои ги има спрема таа одредба.

Ако доверителот го извести должникот дека не сака да го задржи предметот или правото наместо исплатата на обезбеденото побарување, овластен е предметот да го продаде или правото да го упаричи сам и тоа преку нотар или преку лица овластени за продажба на предмети, односно упаричување на права. При продажбата на предметите или упаричување на правата, доверителот е должен да постапува со внимание на добар стопанственик и за тоа да му положи сметка на должникот. Ако со таква продажба на предметите или упаричување на правата доверителот не успее во целост да го намири своето побарување, овластен е да бара од должников извршување врз основа на записникот од член 252-б на овој закон заради намирување на преостанатиот дел на своето побарување.

Роковите за пријавување на преносот на правото на сопственост, односно на правата во врска со плаќањето на данокот на промет се сметаат:

1) во случајот од став 3 на овој член од денот кога нотарот го продал предметот односно го упаричил правото;

2) во случајот од став 5 на овој член од денот кога доверителот станал сопственик, односно имател на правото и

3) во случајот од став 8 на овој член од денот кога нотарот, односно лицата овластени за продажба на предмети или упаричување на права го продале предметот или го упаричиле правото.

Ако доверителот своето побарување го намири поинаку, а не на начин предвиден во одредбите од ста-

новите 5 и 8 на овој член, должен е на должникот да му го врати предметот, односно правото без одлагање. Во случај на делумно исполнување на побарувањето доверителот е должен некој од предметите или дел од , правото на предметите, односно правото или дел од правото да го врати на должникот, ако тоа е можно.

Соодветна примена на одредбите на оваа глава на туревте вт акции, односно удели во трговско друштво

Член 252-ѓ

Одредбите од оваа глава на соодветен начин се применуваат и на преносот на акции за кои не е издадена исправа за акциите, односно на акции за кои е издадена исправа за акциите, како и на преносот на уделите во трговските друштва.

Акциите и уделите се пренесуваат со склучување на спогодба од член 252-6 став 1 на овој закон. За секој пренос судот без одлагање ќе го извести трговското друштво заради спроведување на преносот во соодветните книги на друштвото, со забелешка дека преносот е извршен заради обезбедување.

Со преносот на акциите, односно уделите заради обезбедување, се додека доверителот не стане полново ен имател на акциите, односно уделите, односно додека акциите или уделите не бидат продадени или на друг начин оттуѓено, преносителот не го губи правото на глас ниту правото да учествува во добивката, ако со спогодбата од член 252-6 на овој закон поинаку не е определено."

Член 34

Во членот 267 став 1 точката 2 се менува и гласи:

"2) забрана на должникот да ги оттуѓи или оптовари своите недвижности или стварни права кои врз недвижноста се запишани во негова корист, со прибележана на таа забрана во јавна книга или да ги издаде подзакуп;“

По точката 2) се додава нова точка 3), која гласи:

"3) забрана на должникот да продава акции или удели;“

Точките 3) и 4) стануваат точки 4) и 5).

Член 35

Постапките по предлозите за извршување кои се поднесени до судот до влегувањето во сила на овој закон, ќе се довршат според Законот за извршната постапка ("Службен весник на Република Македонија“ број 53/97).

Член 36

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија“.

24М„

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЛАДАТА МА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за Владата на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 јули 2000 година.

Бр. 07-3272/1
20 јуш^ 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р Саво Климовски, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат организацијата, начинот на работа и надлежноста на Владата на Република Македонија.

Член 2

Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Влада), како носител на извршната власт е орган на Република Македонија кој работите од својата надлежност ги врши самостојно, во рамките на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори, а врз основа на принципите на транспарентност, ефикасност и заштита на човековите слободи и права.

Член 3

(1) Владата ја избира

и разрешува Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Собрание) со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

(2) При предлагањето на составот на Владата, мандаторот предлага министри за секое од министерствата утврдени со закон и министри без ресор.

(3) Владата стапува на должност со денот на изборот.

Член 4

(1) Во рамките на правата и должностите утврдени со Уставот и со закон, Владата ја утврдува економската и развојната политика на државата, утврдува мерки за нејзино остварување и му предлага мерки на Собранието за остварување на политиката што се од негова надлежност; ја утврдува политиката на извршување на законите и други прописи на Собранието, го следи нивното извршување и врши други работи утврдени со закон.

(2) Во рамките на своите права и должности утврдени со Уставот и со закон, Владата и секој нејзин член, за својата работа одговараат пред Собранието.

Член 5

(1) Владата донесува Деловник за работа на Владата (во натамошниот текст: Деловник).

(2) Во согласност со овој закон со Деловникот поблиску се утврдува внатрешната организација, начинот на работа, како и други прашања од значење за работата на Владата.

Член 6

Заради остварување на својата надлежност Владата донесува годишна програма за работа.

Член 7

(1) Владата е должна да ја информира јавноста за својата работа и за реализација на програмата од член 6 на овој закон.

(2) Владата нема да објави информации што се однесуваат на националната безбедност, службена и деловна тајна, како и на личните податоци на граѓаните согласно со законот со кој се уредува заштитата на личните податоци на граѓаните.

(3) Прашањата кои се однесуваат за начинот на информирање на јавноста за работата на Владата, се уредуваат со Деловникот.

### II. НАДЛЕЖНОСТ НА ВЛАДАТА

Член 8

Владата, покрај надлежностите утврдени со Уставот, ги врши и следниве работи:

1Ј) ја утврдува развојната и економска политика;

2) утврдува програма за активности во областа на одбраната и безбедноста и го обезбедува нивното спроведување;

3) презема мерки за остварување на слободата на пазарот и претприемништвото, како и мерки против

монополската положба и монополското однесување на пазарот;

4) го поттикнува економскиот напредок и остварувањето на порамномерен просторен и регионален развој и побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја;

5) утврдува стратегија за привлекување на странски инвестиции;

6) одлучува за располагањето и користењето на државниот капитал во согласност со закон;

7) го поттикнува и помага научниот и технолошкиот развој;

8) утврдува стратегија и презема мерки за вклучување во европските и евроатланските интеграции и други меѓународни структури;

9) ги следи и анализира состојбите за остварување и унапредување на човековите права и граѓанските слободи;

10) го поттикнува развојот на институциите на цивилното општество;

11) презема мерки за создавање услови за остварување на правата на граѓаните на образование, здравствена заштита, социјално осигурување и развојот на човечките ресурси;

12) презема мерки за создавање услови за социјална заштита и социјална сигурност на граѓаните и

13) врши и други работи утврдени со закон.

Член 9

Владата е должна кога ќе оцени дека не се извршуваат законите и другите прописи или не се остварува утврдената развојна и економска политика и мерките за остварување на таа политика, да преземе мерки за кои е овластена, односно да му предложи на Собранието преземање на соодветни мерки.

Член 10

За време на воена или вонредна состојба, ако не постои можност за свикување на Собранието, Владата донесува уредби со законска сила по прашањата од надлежност на Собранието.

## III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ НА ВЛАДАТА

Член И

(^Претседателот на Владата раководи со работата на Владата, одговорен е за нејзината работа и остварува соработка со другите органи, јавни претпријатија и установи.

(2) Претседателот на Владата го насочува дејствувањето на Владата во целина и на нејзините членови во согласност со програмските определби и насоките што таа ги утврдува.

(3) Претседателот! на Владата ги потпишува прописите и актите што ги донесува Владата и се грижи за нивното спроведување.

(4) Претседателот на Владата формира Канцеларија која ќе му помага во вршењето на неговите права и должности кои произлегуваат од Уставот, закон и Деловникот.

^Претседателот на Владата остварува соработка и со трговски друштва, здруженија на граѓани и други правни лица.

Член 12

(1 пленовите на Владата имаат право и должност да учествуваат во работата на Владата; да даваат иницијатива за подготвување на закони и други прописи за чие предлагање е надлежна Владата, на прописи и други акти што ги донесува Владата и за утврдување на насоки и ставови; да даваат иницијатива за донесување на одлуки од надлежност на Владата, како и да учествуваат во вршењето на други надлежности на Владата во согласност со заклучоците на Владата и Деловникот.

(2) Членот на Владата кој е определен да учествува во работата на други органи и тела е должен да постапува по овластувањата, насоките и ставовите на Владата.

Член 13

Министерот самостојно раководи со министерството за кое е избран, го следи и е одговорен за спроведувањето на законите и другите прописи.

Член 14

Претседателот на'Владата и министрите уживаат имунитет, како и пратениците во Собранието на Република Македонија. За нивниот имунитет одлучува Владата.

## IV. ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ

Член 15

Претседателот на Владата ја претставува Владата.

Член 16

(1) Претседателот на Владата од редот на министрите определува заменици.

(2) Претседателот на Владата го заменува неговиот заменик.

(3) Претседателот на Владата може да им довери на замениците вршење на одделни работи што произлегуваат од неговите права и должности.

Член 17

По овластување на претседателот на Владата, секој член на Владата може да ја претставува во Собранието и во работните тела на Собранието и да го застапува ставот на Владата.

Член 18

(1) Претседателот на Владата на предлог на министер може да овласти државен секретар или раководител на сектор од надлежното министерство да учествува во работата на работните тела во Собранието.

(2) Ако претседателот на Владата не го прифати предлогот од став (1) на овој член тогаш Владата одлучува за овластувањето.

## V. НАЧИН НА РАБОТА НА ВЛАДАТА

Член 19

(1) По прашањата од својата надлежност Владата работи и одлучува ако на седницата присуствуваат повеќе од половината членови на Владата.

(2) Седниците на Владата редовно ги свикува претседателот на Владата по сопствена иницијатива или по барање од најмалку 1/3 од членовите на Владата, а може и по барање на министрите на еден од коалиционите партнери во Владата.

Член 20

(1) На своите седници Владата одлучува со мнозинство гласови од членовите на Владата.

(2) Во случај кога на седницата на Владата при гласањето се добие еднаков број гласови, за донесена се смета одлуката за која гласал претседателот на Владата.

(3) Гласањето на седниците на Владата е јавно, освен ако со Деловникот не е определено гласањето за одделни прашања да се врши тајно.

Член 21

(1) Владата може да одлучува и со мнозинство гласови на членовите на Владата присутни на седницата, кога презема итни мерки за ефикасно остварување на безбедноста на државата и спроведување на подготовките за одбрана и во други вонредни околности.

(2) Членот на Владата кој од оправдани причини не присуствувал на седницата на која се одлучувало за прашањата од став (1) на овој член, може да побара свикување на нова седница на Владата во рок од 24 часа од одржаната седница, на која ќе се расправа и ќе се одлучи по тие прашања.

Член 22

(1) По покана на претседателот на Владата, заради учество во расправата и давање мислења и предлози по прашањата за кои се повикани на седниците на Владата, без право на одлучување, можат да присуствуваат директори кои раководат со други органи на државната управа и управните организации, како и претставници на јавни претпријатија, здруженија на граѓани и фондации, установи и други правни лица.

(2) Во Деловникот на Владата се определува кои други лица можат да присуствуваат на седниците на Владата.

Член 23

(1) За претресување на прашања од својата надлежност Владата може да образува одбори и комисии.

(2) Владата образува комисии за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни области.

(3) За претседател и членови на комисиите од став (2) на овој член не можат да бидат именувани министри и државни службеници кои учествувале во првостепеното одлучување.

(4) Видот, бројот, составот и делокругот на работните тела од ставовите 1 и 2 на овој член се уредуваат со Деловникот.

Член 24

(1) Владата образува стручни совети како постојани консултативни тела.

(2) Стручните совети од став (1) на овој член, на барање на Владата или по сопствена иницијатива, разгледуваат и даваат стручни мислења за определени правни, економски и други прашања.

(3) Претседателот и членовите на стручните совети ги именува и разрешува Владата на начин и во постапка утврдени во Деловникот.

## VI. ОДНОСИ НА ВЛАДАТА СО СОБРАНИЕТО

Член 25

(1) Владата ги остварува односите со Собранието во рамките на правата и должностите утврдени со Уставот и со закон.

(2) Владата му дава мислење на Собранието за прашањата кои се во нејзина надлежност.

(3) Владата по предлозите за донесување на закон поднесени од други овластени предлагачи, доставува мислење до Собранието во рок од 15 дена од денот на приемот на предлозите.

## VII. ОДНОСИ НА ВЛАДАТА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 26

(1) Владата ги остварува односите со претседателот на Република Македонија во рамките на правата и должностите утврдени со Уставот и со закон.

(2) Во остварувањето на своите права и должности Владата го информира претседателот на Република Македонија и може да побара од претседателот на Републиката да ја информира Владата за определени прашања кои произлегуваат од нивните надлежности во вршењето на извршната власт.

## VIII. ОДНОСИ НА ВЛАДАТА СПРЕМА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА И СО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ГРАДОТ СКОПЈЕ

Член 27

(1) Владата утврдува насоки и ставови за извршување на законите и другите прописи.

(2) Со насоките и ставовите се определува начинот на работата на министерствата, другите органи на државната управа и управните организации во извршувањето на законите и другите прописи, се определуваат рокови за донесување на акти за кои овие органи се овластени и за поднесување на извештаи по одделни прашања; се определува начинот на соработката со други државни органи, како и други прашања кои се од значење за остварувањето на функциите на овие органи.

Член 28

Владата може да даде упатства и насоки на определен министер, односно директор кој раководи со друг орган на државната управа и управна организација, како да ги изврши насоките и ставовите на Владата.

Член 29

(1) Владата, доколку смета дека одреден пропис кој го донел министер не е во согласност со Уставот, закон или друг пропис, може за тоа^а му укаже на министерот.

(2) Владата може да задржи од извршување пропис кој го донел министер, доколку смета дека не е во согласност со Уставот, закон и друг пропис и му предлага на министерот во определен рок да го измени или повлече прописот.

Член 30

(1) Владата врши надзор над работата на министерствата и другите органи на државната управа и управните организации.

(2) Владата има право и должност да укине или поништи пропис или друг акт на министерствата, органите на државната управа и управните организации кој не е во согласност со Уставот, закон или друг пропис на Собранието, односно пропис на Владата.

(3) Владата има и други права и должности кон органите на државната управа утврдени со закон.

Член 31

Министрите се должни да ја известуваат Владата за актите кои ги донесуваат, а кои се однесуваат на начинот на остварувањето на уставните права на граѓаните, насоките на Владата, располагањето со финансиски средства (трошоци) и други значајни прашања од делокругот на министерството.

Член 32

(1) На органите на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје, Владата може да им дава стручна и друга помош од значење за остварување и извршување на нивните задачи.

(2) Стручната помош се состои особено во: давање стручни мислења и упатства за примена на прописите, мислења за организациони и други прашања од интерес за правилно функционирање и унапредување на работата на органите од став (1) на овој член, како и други видови стручна и друга помош.

Член 33

Во остварувањето на соработката, органите на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје на Владата и доставуваат податоци, информации и други материјали од значење за остварување на правата и должностите на Владата.

Член 34

Владата има право да укине или поништи пропис или друг акт на советот или на друг орган на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје од доверената надлежност.

## IX. АКТИ НА ВЛАДАТА

Член 35

(Г) За извршување на законите Владата донесува уредби со законска сила, уредби, одлуки, упатства, програми, решенија и заклучоци.

Член 36

(1) Со уредба со законска сила Владата уредува прашања од надлежност на Собранието во случај на

воена или вонредна состојба ако не постои можност за свикување на Собранието.

(2) Со уредба Владата го уредува извршувањето на законите; утврдува начела за внатрешна организација на министерствата и другите органи на државната управа и уредува други односи во согласност со Уставот и со законите.

(3) Со одлука Владата одлучува за одделни прашања и мерки за извршување на законите; основа стручни и други служби за своите потреби и заеднички служби за потребите на Владата и на министерствата и другите органи на државната управа.

(4) Со упатство Владата го пропишува начинот на работата на министерствата и органите на државната управа.

(5) Со програма се утврдуваат одделни прашања од надлежност на Владата за кои е потребно утврдување на динамика и рокови. Програмата содржи и финансиски план за нејзината реализација.

(6) Со решение Владата врши именување и назначување, односно разрешување од должност на директори кои раководат со органи на државната управа, државен, односно генерален секретар и други именувања и разрешувања за кои е овластена и одлучува за други прашања и за управни работи.

(7) Со заклучок Владата зазема ставови по прашањата што ги претресувала на седница; утврдува мислења по предлозите на закони и други прописи и по материјали што до Собранието ги поднеле други овластени предлагачи; одлучува за определени прашања на внатрешната организација и односи во Владата; ги определува задачите на министерствата и органите на државната управа и задачите на своите служби и зазема ставови за прашањата од својата надлежност.

## X. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ НА УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 37

Владата го обезбедува извршувањето на одлуките на Уставниот суд на Република Македонија во случаите кога надлежните органи за извршување на овие одлуки не ја извршиле одлуката на Судот.

Член 38

Во зависност од природата на предметот на извршувањето, како и од органот кој во смисла на член 37 од овој закон бил непосредно надлежен и должен за извршување на одлуката, доколку со друг закон поинаку не е определено, Владата донесува заклучок со кој поблиску го определува начинот на обезбедување на извршувањето.

## XI. ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА

Член 39

(1) Владата има генерален .секретар кого го именува и разрешува Владата.

(2) Во однос на стручната служба на Владата, генералниот секретар ги има правата и должностите на директор кој раководи со орган на државната управа, а неговата работа се утврдува со Деловникот.

(3) За својата работа генералниот секретар и одговара на Владата.

## XII. СЕКРЕТАРИЈАТ, СТРУЧНИ И ДРУГИ СЛУЖБИ НА ВЛАДАТА

Член 40

x (1.) -За вршење на определени стручни работи се основа Секретаријат за законодавство.

(2) Секретаријатот за законодавство ги врши работите што се однесуваат на обезбедувањето на конзистентност на правниот систем и давање стручни мислења за усогласеноста на законите и други прописи со Уставот на Република Македонија и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија.

Член 41

(1) За своите потреби Владата основа самостојни или заеднички стручни и други служби.

(2) Со актот за основање на службите од став (1) на овој член, се утврдува нивната организација и делокруг на работа.

Член 42

Одредбите за правата, должностите и одговорностите на директорите, раководните државни службеници и другите државни службеници утврдени со закон, се применуваат и на Секретаријатот за законодавство и стручните и други служби на Владата.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 43

По истекот на три години од денот на влегувањето во сила на овој закон, Секретаријатот за законодавство продолжува да работи како орган во состав на Министерството за правда.

Член 44

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на СРМ“ број 38/90 и "Службен весник на Република Македонија“ број 63/94 и 63/98).

Член 45

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија“.

**2481,**

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 15 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија“ број 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 18 јули 2000 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За судии на Врховниот суд на Република Македонија се избрани:

Мила Камбовска, судија на Апелациониот суд во Скопје,

Сафет Алиу, судија на Апелациониот суд во Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07- 3261/1
18 јули 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

2482.

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 15 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 18 јули 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД ВО КОЧАНИ

1. За судија на Основниот суд во Кочани е избран Зоранчо Мицевски, стручен соработник од Апелациониот суд во Штип.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3262/1
18 јули 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р Саво Климовски, с.р.

2483.

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 18 јули 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ

1. Од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје се разрешува Никола Стојанов, по негово барање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3263/1
18 јули 2000 година
Скопје

Претседател
она Собранието на Република
Македонија,
д-р Саво Климовски, с.р.

2484.

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95), Собранието на. Република Македонија, на седницата одржана на 18 јули 2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА

1. Од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола се разрешува Васил Насев, по негово барање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3264/1
18 јули 2000 година
Скопје

